Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 21-834/1
17.02.2022 год.
Скопје

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: 17.02.22 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 21 | 834 | 1 | |

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# 2022 - 2024 ГОДИНА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Јануари 2022 година

# 1 Содржина


Вовед ..... 3
1. Анализа на состојбата во рамките на надлежностите на Министерството за информатичко општество и администрација ..... 4
1.1 Анализа на ресурсите ..... 4
1.1.1 Оценка на постигнатите резултати од спроведувањето на програмите, потпрограмите и активностите за 2020 година ..... 6
1.2 Визија ..... 9
1.3 Мисија ..... 10
1.4 Задачи и обврски на органот на државна управа ..... 10
1.5 Специфичност на органот на државна управа ..... 12
1.6 Структура на органот на државна управа ..... 12
1.7 Односи со органите во состав (планирани промени) ..... 14
1.8 Приоритети и цели на органот на државната управа за периодот 2022 - 2024 година ..... 14
1.9 Осврт на остварени резултати во тековната 2020 година ..... 16
1.9.1 Реформа на јавната администрација ..... 16
1.9.2 Информатичко општество ..... 22
1.10 Осврт на остварени резултати во тековната 2021 година ..... 28
1.10.1 Информатичко општество ..... 36
2 Програми ..... 44
2.1 ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ..... 45
2.1.1 План за спроведување на програмата Реформа на јавна администрација ..... 45
2.1.2 План за спроведување на програмата Информатичко општество ..... 50

# Вовед

Стратешкиот план на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) за периодот од 2022- 2024 година е изработен врз основа на стратешките документи на Република Северна Македонија како: Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија од 2020- 2024 година; Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21 и 97/21); Националната програма за усвојување на законодавството на Европската Унија (НПАА) – ревизија за 2017 година; Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година; Национална стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022 година; Стратегијата за отворени податоци 2019-2020 година; Национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија 2018-2020 година; Националниот оперативен бродбенд план; Национален акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година.

Стратешкиот план е подготвен и поделен во шест делови.

Во **првиот дел** е разработена анализата на состојбата, утврдени се визијата и мисијата на Министерството, задачите и обврските, неговата специфичност и структура и приоритетни цели на органот.

Во **вториот дел** на Стратешкиот план целосно е разработен планот за спроведување на двете стратешки програми и потпрограми. Овој дел дава детален осврт на поврзаноста со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) и поврзаноста на приоритетите и целите на министерството.

**Третиот дел** од овој Стратешки план ги опфаќа влијанијата врз човечките ресурси, односно потребата од нови вработувања, прераспределбата на вработените и потребите од обука.

**Четвртиот дел** е посветен на принципите на правична застапеност, а **петтиот дел** на родовата еднаквост, односно принципот на еднакви можности за мажи и жени.

**Шестиот дел** од Стратешкиот план го презентира делот за развивање на заедничките функции и тоа за развивање на политики, стратешко планирање/подготвување на буџет, извршување на буџет и управување со средства, управување со човечки ресурси, како и управување со информациски технологии и внатрешна ревизија.

# 1. Анализа на состојбата во рамките на надлежностите на Министерството за информатичко општество и администрација

## 1.1 Анализа на ресурсите

**Финансиски ресурси**

Министерството за информатичко општество и администрација се финансира преку финансиски средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, Буџетски програми 2-Информатичко општество, К-Реформа на јавна администрација и Н-Развој и имплементација на ИКТ, но дел од планираните активности се финансираат и од средства обезбедени од донатори (ИПА фондови, билатерална и меѓународна финансиска и експертска поддршка).

**Човечки ресурси**

Министерството за информатичко општество и администрација има вкупно 246 вработени државни службеници од кои 155 се со високо образование, 1 со вишо образование и 90 со средно образование.

Од вкупно 246 вработени, 152 се мажи, а 94 се жени. Министерството има вкупно 24 раководни државни службеници од кои 9 се мажи и 15 се жени, додека пак нераководни административни службеници има 219, од кои 141 се мажи, а 76 жени. Нераководни административни службеници со високо образование се 128, од кои 63 се мажи и 65 се жени, 1 со вишо образование од машки пол и 90 со средно образование, од кои 77 мажи и 13 жени.

| Образование / Работно место | Високо | | Вишо | | Средно | | Основно | | Вкупно | | Вкупно вработени во органот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | |
| **Именувани** | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | 2 | 1 | 3 |
| **Раководни** | 10 | 13 | / | / | / | / | / | / | 10 | 13 | 23 |
| **Нераководни** | 62 | 63 | 1 | / | 75 | 13 | / | / | 138 | 76 | 214 |
| **Вкупно** | **74** | **77** | **1** | / | **75** | **13** | / | / | **150** | **90** | **240** |

*Табела1: Број на вработени во Министерство за информатичко општество и администрација од аспект на родова застапеност*

## **SWOT анализа**

SWOT анализа претставува моќна алатка која му овозможува на Министерството да ја процени и согледа внатрешната состојба во која работи за да делува во својата надлежност, надворешните фактори и влијанијата кои директно делуваат врз неа и кон кои треба да се прилагоди. SWOT е кратенка од Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats и како метод се користи да се увидат силните и слабите страни на институцијата, можностите кои ѝ се на дофат, како и заканите со кои може да се соочи.

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
| --- | --- |
| • Тимска работа<br>• Посветеност на вработените во извршување на работните обврски, брзо, квалитетно и навремено<br>• Самоиницијативност<br>• Добро справување со ризици<br>• Добар линиски менаџмент<br>• Добра соработка со институции од јавен и приватен сектор<br>• Добра комуникација со други субјекти од аудиовизуелна област | • Недоволен број на вработени во министерството (Недоволна екипираност)<br>• Висок степен на флуктуација на вработените во министерството<br>• Слаба мотивираност кај вработените<br>• Недостига организациона култура и клима<br>• Недостига институционална меморија<br>• Непочитување на кодексот за административни службеници<br>• Недоволно обучени вработени<br>• Задоцнето вклучување на вработените во реализација на активности/ проекти<br>• Нема сала за состаноци<br>• Несоодветно просторно распоредување на вработените<br>• Намалениот капацитет за работа поради боледувања предизвикани од пандемијата со Ковид – 19 |
| **Можности** | **Закани** |
| • Вработување на нови и професионално ориентирани кадри, силна потреба за доекипирање на организационите единици<br>• Имплементација на нови технологии за олеснување и подобрување на работењето<br>• Креирање на механизам за зголемување на мотивацијата на вработените преку обуки и унапредување<br>• Изработка на механизам за вработување на кадри од факултетите за ИТ и нивна преелиминација уште кога се студенти<br>• Поттикнување на повисок степен на професионалност и етички новинарски стандарди во медиумите<br>• Воспоставување соработка со високо образовни институции со цел унапредување на прописите за работа и интерните процедури | • Одлив на стручен и професионален човечки капитал од министерството во приватниот и невладиниот сектор |

*Табела2: SWOT анализа на Министерството за информатичко општество и администрација*

## 1.1.1 Оценка на постигнатите резултати од спроведувањето на програмите, потпрограмите и активностите за 2020 година

### 1. Програма Реформа на јавна администрација

**Потпрограма 1.1: Зајакнување на капацитетите и воведување модерен систем на управување со човечките ресурси**

Во рамките на оваа потпрограма заклучно со 31 декември 2020 година, во согласност со очекуваниот резултат на годишно ниво успешно се вршеше одржувањето и надградувањето на Електронската платформа за е-учење. Направени се измени во изгледот на насловната страна, преведени се насловите на платформата на албански и англиски јазик и воведен е параметар за одредување на полот на корисниците.

**Потпрограма 1.2: Професионален развој на администрацијата**

Во рамките на оваа потпрограма заклучно со 31 декември 2020, во согласност со очекуваниот резултат на годишно ниво успешно реализирани се следниве активности:

- Учеството во обуки и активности на Регионалната школа за јавна администрација придонесува кон професионален развој на администрацијата;
- Се реализира јазична обука по француски јазик за 52 државни службеници и две тематски работилници за 10 државни службеници и еден функционер.

**Потпрограма 1.3: Регулаторна реформа**

Во рамките на оваа потпрограма заклучно со 31 декември 2020, во согласност со очекуваниот резултат на годишно ниво успешно реализирани се следниве активности:

- Се одржаа 3 online-консултативни средби во 4 приоритетни области (вкупно 12) и 20 поединечни средби со претставници од невладиниот и од јавниот сектор за ко-креирање на петтиот Акциски план за Отворено владино партнерство;
- Се одржа online конференција за отпочнување на процесот на ко-креирање на НАП 5 и спроведени 4 обуки/сесии на далечина за Отворено владино партнерство;
- Се спроведе еднодневна обука на далечина (онлајн) за ПВР на која присуствуваа 30 државни службеници од министерствата.

*****Планиран резултат на ниво на програма:** Развој на професионална, одговорна, стручна, доверлива и отчетна администрација, услужно ориентирана кон граѓаните и бизнис-заедницата, која ги исполнува меѓународните и европските вредности и стандарди за добро владеење. Професионален развој, институционално системско уредување за исполнување на потребите и интересите на граѓаните.

*****Показатели на успешност:**

- Развиена и цврста соработка помеѓу организационите единици за човечки ресурси во државните и јавните институции и подобрување на мотивацијата кај вработените;
- Имплементирање на насоките за Стандардите за управување со човечки ресурси;
- Имплементирани стандарди за управување со квалитетот во институциите;
- Подобрен систем во државна и јавна администрација;
- Модернизирана, ефикасна и професионална администрација во служба на граѓаните;
- Подобрена соработка помеѓу владиниот и невладиниот сектор;
- Подобрен, унапреден процес на ПВР и обучени државни службеници за процесот на ПВР;
- Отворени, ефикасни и транспарентни институции на државна и јавна управа.

*****Оценка:** Во рамките на Програмата Реформа на јавна администрација, заклучно со 31 декември 2020 од вкупно планирани 18 активности распределени во три потпрограми, успешно и целосно се реализирани 6 додека останатите активности кои беа планирани поради силното влијание и ограничувањата во работењето кои ги предизвика интернационалната пандемија со Ковид – 19, не се реализираа во текот на 2020 година.

## 2. Програма Информатичко општество

**Потпрограма 2.1: е-Инфраструктура и поддршка**

Во рамките на оваа потпрограма заклучно со 31 декември 2020 година, во согласност со очекуваниот резултат на годишно ниво успешно реализирани се следниве активности:

- Одржување на втората сервисна магистрала од платформата за Интероперабилност;
- Изнајмување на „облак“ платформа за хостирање на системите на МИОА;
- Одржување на Владината оптичка мрежа;
- Зголемување на употреба на електронски системи за управување со документи во институциите Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС);
- Одржување на хардвер и софтвер (оперативни системи) за ИКТ систем на МИОА;
- Одржување на информациониот систем за управување со човечки ресурси во администрацијата (HRMIS);

- Одржување на системот за Интегрирано управување на ресурсите (ERP) за СОЗР;
- Набавка на Антивирус;
- Модернизација на информациониот систем за управување со човечки ресурси во администрацијата (ИСУЧР);
- Софтверско решение за изработка унифицирани веб-страници на РСМ.

**Потпрограма 2.2: е-Услуги, е-Граѓани и Една точка на услуги**

Во рамките на оваа потпрограма заклучно со 31 декември 2020 година, во согласност со очекуваниот резултат на годишно ниво успешно реализирани се следниве активности:

- Надградба и одржување на Портал за е-услуги;
- Одржување на опрема и софтвер за Регистар на население;
- Воспоставување на нови центри-Набавка на ИТ опрема за една точка на услуга;
- Субвенции за јавни претпријатија.

**Потпрограма 2.3: Отворени податоци**

Во рамките на оваа потпрограма заклучно со 31 декември 2020 година, во согласност со очекуваниот резултат на годишно ниво успешно реализирани се следниве активности:

- Спроведени се три обуки за отворени податоци на кои присуствуваа 63 учесници од 28 државни институции;
- Утврдена е рамката на активности за подготовка на ex-post / ex-ante анализа и нацрт - Закон за користење на податоците од јавниот сектор кои ќе се реализираат во соработка со Фондацијата Метаморфозис;
- Одржани се работилници за податочна писменост и отворени податоци за 5 институции;
- Се одржаа онлајн фокус групи за утврдување на приоритетите на засегнатите страни со цел отворање на базите на податоци на државните институции со претставници на граѓанскиот сектор, бизнис-секторот и од медиумите. Се спроведе истражување за потребата од отворени податоци од засегнатите страни - Консултации со експертска јавност во однос на отворените податоци преку состаноци и тркалезни маси;
- Подготвен е Извештај од работата во 5 институции за отворање на податоци со информација за спроведените консултации со засегнатите страни за истражувањето за потребата од отворени податоци за засегнатите страни;
- Направена е анализа на регистри со отворени податоци кои треба да се дигитализираат во министерствата;

- Преземени се активности за промоција на отворени податоци преку социјални медиуми, промоциска кампања за зголемување на јавната свест и информираноста за придобивките од отворените податоци и порталот за отворени податоци на традиционалните и социјалните медиуми;
- Тековно се одржуваше системот Отворени податоци.

***Планиран резултат на ниво на програма:** Развивање и подобрување на условите за пристап до информатичко – комуникациските технологии за брза, лесна и ефикасна употреба на ИКТ во секојдневниот живот на граѓаните и бизнис заедницата. Унапредување на информатичкото општество во Република Северна Македонија и одржувањето на лидерската позиција на просторот на Република Северна Македонија. Поставување и одржување на квалитетни софтверски решенија и инфраструктура во согласност со потребите на институциите, обучени и добро информирани граѓани на Република Северна Македонија за ИКТ.

***Показатели за успешност:**

- Развиена транспарентност, ефективност и ефикасност во работењето на јавната администрација
- Поставување на електронската документација како начин на комуникација
- Зголемена безбедност на информатичките системи
- Развиен пазар на доверливи услуги и подобрена на конкурентност
- Широко прифатени и користени на е-услугите и Националниот портал за е-услуги
- Добро информирани граѓани
- Подобрени и развиени е-услуги за граѓаните
- Современо опремен простор за реализација на е-услуги за граѓаните
- Зголемен број на отворени податоци

***Оценка:** Во рамките на програмата Информатичко општество, заклучно со 31 декември 2020 година од вкупно планираните 36 активности, успешно и целосно се реализирани 23, додека останатите активности кои беа планирани поради силното влијание и ограничувањата во работењето кои ги предизвика интернационалната пандемија со Ковид – 19, не се реализираа во текот на 2020 година.

## 1.2 Визија

Стручна, ефикасна и отчетна администрација во служба на граѓаните и бизнис-заедницата во Република Северна Македонија, дигитална трансформација и понатамошен развој на информатичко општество.

## 1.3 Мисија

Носители сме на реформите во администрацијата, насочени кон лесно достапни, брзи и квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата и побрз економски раст на Република Северна Македонија. Го водиме и креираме развојот на информатичкото општество во Република Северна Македонија.

## 1.4 Задачи и обврски на органот на државна управа

Со измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.167/10), Министерството за информатичко општество прерасна во Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА) и доби пошироки надлежности, а со тоа и поголема одговорност.

Задачите и обврските на Министерството се однесуваат на:

- ✓ развој и промоција на информатичкото општество;
- ✓ креирање и водење на регистар на информациони и комуникациски системи и информатичка опрема во рамките на органите на државната управа;
- ✓ интегрирана информатичка и комуникациска мрежа, бази на податоци, меѓусебно поврзување и размена на информации, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања;
- ✓ следење на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународните стандарди;
- ✓ телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура;
- ✓ радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура;
- ✓ законско уредување на прашањата во врска со администрацијата;
- ✓ надзорот и обезбедувањето на единствената примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници;
- ✓ развивањето на политиката поврзана со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници;
- ✓ класификација и описот на работните места, платите и надоместоците на плати на државните и јавните службеници;
- ✓ водење на Регистар за државните и јавните службеници;
- ✓ подготвување на стратешки документи за ефикасното и ефективното работење, обуката и стручното усовршување на државните и јавните службеници, организирање и спроведување на обука;
- ✓ развој и координацијата на политиките во врска со управувањето со човечки ресурси;
- ✓ реформа во јавната администрација;
- ✓ остварување на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност;
- ✓ државна управа;
- ✓ управна постапка;
- ✓ управен надзор и
- ✓ врши и други работи утврдени со закон.

Со донесувањето на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20 година ) и Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на

Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација доби дополнителни задачи и обврски, и тоа да:

- ✓ креира политики и стратегии од областа на управување со човечките ресурси во јавниот сектор;
- ✓ подготвува закони и прописи од областа на човечките ресурси и ја следи на нивната примена;
- ✓ дава предлози за подобрување и следење на усогласените посебните закони и прописи во делот на управување со човечки ресурси со законите и прописите од негова надлежност;
- ✓ ја пропишува содржината и начинот на подготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на административните службеници во институциите;
- ✓ дава согласност на актите за систематизација на работните места во институциите, во делот на усогласување на описот на работните места на административните службеници со Законот за административни службеници и со Каталогот на работни места во јавниот сектор;
- ✓ дава мислења за примената на Методологијата за планирање на вработувања во јавниот сектор;
- ✓ ја пропишува Рамката за општи компетенции на административните службеници;
- ✓ го пропишува Кодексот за административни службеници;
- ✓ го води Каталогот на работни места во јавниот сектор;
- ✓ ја води листата за трансфер (возможни идни преземања) на државните и јавните службеници;
- ✓ го води Регистарот за оценување на административни службеници;
- ✓ ја води евиденцијата на ментори на државните и јавните службеници;
- ✓ подготвува и донесува годишна програма за генерички обуки на административните службеници;
- ✓ ја подготвува и донесува годишната програма за обука и испитот за административно управување;
- ✓ организира, координира и спроведува обуки за административните службеници;
- ✓ ги подготвува и издава потврдите за успешно реализираните обуки;
- ✓ ги подготвува и издава потврдите за положен испит за административно управување;
- ✓ формира организациона единица за стручно усовршување на административните службеници, односно Академија за стручно усовршување на административните службеници;
- ✓ соработува со стручни, високообразовни и научноистражувачки институции од земјата и странство и ангажира експерти од соодветните области;
- ✓ организира, координира и спроведува генерички и специјализирани обуки за стручно усовршување за вработените во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници со наплаќање надоместок;
- ✓ организира, координира и спроведува специјализирани обуки за административно управување со наплаќање надоместок.

Со донесувањето на Законот за централен регистар на население („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Министерството за информатичко општество и администрација доби дополнителни задачи и обврски:

- ✓ одржување на системот за Централен регистар на население;
- ✓ одржување на регистарот на корисниците на податоците содржани во Централниот регистар на население;
- ✓ давање услуги за граѓаните за проверка на содржани лични податоци во Централниот регистар на население и преглед на логови за спроведен пристап до лични податоци од страна на корисниците на податоците содржани во Централниот регистар на население.


МИНИСТЕР
ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
ОДДЕЛЕНИЈА НАДВОР ОД СЕКТОРИ
Одделение за внатрешна ревизија
Одделение за стратешко планирање
Одделение за управување со човечки ресурси во министерството
СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Одделение за креирање и анализа на политики во областа на РЈА
Одделение за координација на СРЈА
Одделение за поддршка на примената на ЗОУП
СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР
Одделение за согласности на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места и годишни планови за вработување на органите на државната управа и локалната власт
Одделение за согласности на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места и годишни планови за вработување на институциите од дејностите и јавните претпријатија
СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
Одделение за координација на управувањето со човечки ресурси
Одделение за ИСУЧР
АКАДЕМИЈА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ
Одделение за креирање на политики за обука
Одделение за координација и спроведување на обуки
СЕКТОР ЗА ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМИ
Одделение за управување со ИКТ проекти
Одделение за оперативно и техничко одржување на ИКТ системи
Одделение за апликативно одржување на ИКТ системи
Одделение за безбедност на мрежи и информациски системи
СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО
Одделение за анализи и планирање на информатичко општество
Одделение за стандардизација и сертификација
Одделение за техничка поддршка на МИОА и институции од јавен сектор
СЕКТОР ЗА КОМУНИКАЦИИ
Одделение за електронски комуникации со информатички технологии
Одделение за аудио-визуелни политики
СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-ПРАВНИ РАБОТИ
Одделение за нормативни работи
Одделение за правни работи
Одделение за координација на ПВР и ОСР
СЕКТОР ЗА ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Одделение за ЕУ интеграција и меѓународна соработка
Одделение за ИПА
СЕКТОР ЗА ОПШТИ РАБОТИ
Одделение за канцелариско и архивско работење
Одделение за односи со јавност, протокол и превод
Одделение за општи работи
СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
Одделение за буџетска координација
Одделение за буџетска контрола
Одделение за сметководство и плаќање
СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
Одделение за подготовка и поддршка на јавни набавки
Одделение за реализација на постапки за јавни набавки

## 1.7 Односи со органите во состав (планирани промени)

Државниот управен инспекторат е орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 53/2016, 11/2018, 83/2018 и 120/2018 година) во член 13 се пропишува дека инспекторатите се органи во состав на министерствата со својство на правно лице, имаат сопствена буџетска сметка како буџетски корисници од прва линија, самостојно спроведуваат постапки за вработување во согласност со закон и одлучуваат за правата и обврските од работен однос.

МАРнет е јавна установа која врши дејност од јавен интерес. Основана е со Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа – МАРнет („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2010, 47/2011, 41/2014 и 11/2018). Мисијата на МАРнет е обезбедување услуги на национално ниво и меѓународно поврзување на Македонската академска истражувачка и образовна заедница и поддршка на нивните истражувачки и образовни активности; промовирање и дисеминирање на употребата на информациските и комуникациските технологии, посебно во академскиот и истражувачкиот сектор; одржување и управување со националниот ДНС, меѓународно претставување и членство; водење политика и развој на националната академска мрежа.

## 1.8 Приоритети и цели на органот на државната управа за периодот 2022 - 2024 година

Во согласност со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 243/20), Министерството е задолжено за остварување на следните приоритетни цели:

- Ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики, стручна, професионална и департизирана администрација и одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;
- Дигитална трансформација при испораката на услугите за граѓаните и бизнисите;
- Развивање на механизми за воспоставување на модерни технологии „5G“ технологии и рразвој на „NGA“ инфраструктура;
- Изградба и развој на електронска комуникациска инфраструктура и услуги и
- Усогласување на домашното законодавство со законодавството на Европската Унија од областа на аудиовизуелните медиумски услуги, информатичкото општество и електронските комуникации.

За остварување на овие приоритетни цели, во рамки на своите надлежности МИОА спроведува активности за остварување на следните цели:

- ✓ деполитизација и понатамошна професионализација на администрацијата;
- ✓ зајакнати капацитети за координација на реформата на администрацијата;
- ✓ објавување на бројот на вработени во јавниот сектор, врз основа на податоци од Регистарот на вработени во јавниот сектор;
- ✓ унапредување на координацијата и на примената на стандардите за управување со човечките ресурси во јавниот сектор;
- ✓ овозможен пристап за остварувањето на правата на граѓаните на едно место, на едноставен и ефикасен начин;
- ✓ реорганизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт;

- ✓ оптимизација на процесите и ресурсите, врз основа на функционалната анализа во секоја институција и понуда до приватниот сектор за преземање дел од вработените во јавниот сектор;
- ✓ воспоставување сет на стандарди и компетенции за давателите на јавните услуги;
- ✓ зајакнати капацитети на вработените во администрацијата преку континуирано стручно усовршување и обуки;
- ✓ развивање критериуми за избор и обуки за носителите на раководни позиции во администрацијата;
- ✓ зајакнати административни процедури и структури за спроведување на процесот на регулаторна реформа;
- ✓ намалени административни препреки и олеснет пристап во остварувањето на правата и барањата на граѓаните и бизнис-заедницата;
- ✓ зголемување на транспарентноста, отвореноста, интегритетот и јавното учество преку отворени податоци;
- ✓ имплементирање на концептот Отворена влада согласно иницијативата за Отворено владино партнерство;
- ✓ полесен пристап до информации од јавен карактер;
- ✓ воспоставување ИКТ инфраструктура отпорна на сајбер закани, идентификување и имплементирање на соодветни решенија за заштита на националните интереси;
- ✓ промовирање на култура за сајбер-безбедност, со цел сеопфатно разбирање на сајбер-заканите, градење и унапредување на потребните капацитети за сајбер-безбедност преку континуирано подигање на свесноста, тренинг и образование;
- ✓ обезбедување отворен, слободен, доверлив и безбеден сајбер-простор преку соработка и размена на информации на национално и меѓународно ниво;
- ✓ зголемување на процентот на пенетрација на широкопојасен интернет;
- ✓ подобрена ИКТ инфраструктура;
- ✓ зголемување на искористеноста на Националната платформа за интероперабилност со зголемување на бројот на поврзани институции и други органи кои разменуваат податоци преку системот за интероперабилност, како и зголемување на бројот на трансакции од страна на институциите-корисници на Платформата за интероперабилност;
- ✓ привлекување домашни и странски инвестиции од областа на ИКТ;
- ✓ централизирано одлучување и координација за ИКТ системи на ниво на институции;
- ✓ зголемување на бројот на поврзани институции и компании кои ги проверуваат личните податоци содржани во Централниот регистар на население при давање/спроведување услуги;
- ✓ зголемување на бројот на ИКТ кадри кои би станале достапни на пазарот на трудот во најкратко можно време, како одговор на потребата и побарувачката на оваа професија на пазарот на трудот;
- ✓ константно зголемување на бројот на електронски услуги за граѓаните;
- ✓ донесување на среднорочна ИКТ стратегија;
- ✓ воведени меѓународно прифатени ИТ-стандарди, развиени национални ИТ-стандарди;
- ✓ олеснет пристап до бизнис-информации од меѓународната ИКТ мрежа;
- ✓ подобрување на ИКТ капацитетите во администрацијата;
- ✓ искористување на придобивките од ИКТ за реализација на целите во образованието;
- ✓ подобрување на знаењата и вештините на граѓаните за ИКТ;
- ✓ развивање и подобрување на политиките за електронска комуникација и аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- ✓ развиени медиуми и воведени нови технологии и услуги;

- ✓ одржливи и конкурентни услови за обезбедување електронски комуникациски услуги;
- ✓ поддршка на е-трговијата кај домашните фирми;
- ✓ стратешко планирање за развој на ИКТ вклучувајќи ги домашните компании;
- ✓ зголемување и модернизирање на ефективноста во работењето преку обезбедување функционалност „по мерка“ на корисниците;
- ✓ подобрување на квалитетот на податоците во електронските регистри во секоја институција и развој на нови е-регистри;
- ✓ подобрување на законската рамка за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- ✓ зајакнување на независноста и капацитетот на медиумскиот регулатор и јавниот радиодифузен сервис;
- ✓ подобрување на услови за работа на комерцијалните телевизии со национална концесија;
- ✓ развивање механизми за транспарентно и фер известување за прашања од јавен интерес;
- ✓ воспоставување нови функционалности на системот за Централниот регистар на население кои ќе овозможат автоматско објавување на податоците во регистарот на корисниците на податоците содржани во Централниот регистар на население;
- ✓ воспоставување дополнителна хардверска и софтверска инфраструктура која ќе го подигне нивото на достапност на системот за Централниот регистар на население;
- ✓ зголемување на соработката со институциите и компаниите за користење на податоците содржани во Централниот регистар на население;
- ✓ вклучување процес на анализа за оправданоста на очекуваните придобивки и финансиски импликации при примена на новите решенија.

## 1.9 Осврт на остварени резултати во тековната 2020 година

### 1.9.1 Реформа на јавната администрација

***Стратегија за реформа на јавната администрација***

Министерството за информатичко општество и администрација во 2020 година продолжи да го спроведува ревидираниот Акциски план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022 година). Во јануари 2020 година започнаа подготовките на вториот Годишен извештај за имплементација на Акцискиот План на Стратегијата за 2019 година (понатаму Годишен извештај). Во согласност со воспоставената пракса, министерството упати јавен повик до граѓанските организации и засегнатите страни да доставaт податоци релевантни за подготовка на извештајот. Имајќи го предвид отежнувањето во работењето и предизвиците предизвикани од пандемијата од КОВИД-19, нацрт-Годишниот извештај беше презентиран пред клучните граѓански организации и донатори на јавна дискусија во јули 2020 година. Во декември 2020 година Годишниот извештај беше презентиран и усвоен на седниците на Секретаријатот за реформа на јавната администрација и на Советот за реформа на јавната администрација, а потоа и на 35-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 29 декември 2020 година.

Во ноември 2020 година, започнаа подготовките на третиот полугодишен Извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за Реформа на јавната администрација 2018-2022 (понатаму Извештај). Извештајот содржи детални информации за активностите кои завршиле или требало да завршат во периодот на известување, кој ги опфаќа првиот и вториот квартал од 2020 година и активностите кои започнале да се спроведуваат во периодот на известување (јануари -јуни 2020 година), а треба да завршат во наредните квартали.

Во текот на декември 2020 година, Министерството за информатичко општество и администрација ги анализираше податоците добиени од надлежните институции за реализираните активности од Стратегијата за Реформа на јавната администрација за 2018 – 2022 година, за извештајниот период (јануари – јуни 2020 година), и во процес сме на обезбедување на дополнителни податоци за реализацијата на активностите од Стратегијата за Реформа на јавната администрација од надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација, со цел финализирање на нацрт–текстот на Извештајот.

### ***Проценка на влијанието на регулативата (ПВР)***

Покрај спроведување на процесот на ПВР во подготовката на предлог законите во областите за кое е надлежно, Министерството за информатичко општество и администрација се грижи за унапредување на процесот на ПВР. Во согласност со Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година, спроведена е анализа на постојните *ex-ante* и *ex-post* процеси со цел оценување на нивната актуелност, корист и употреба како и дефинирање на ефикасен механизам за утврдување на законите кои ќе подлежат на *ex-post* анализи, подготвени се препораки и предлог за пристапот за *ex-ante* и *ex-post* анализи, и подготвен е нацрт-прирачник за спроведување на *ex-ante* и *ex-post* анализи при креирање политики и специјализирана програма за обука. Донесувањето на новите документи (Методологија, Упатство и Одлука за ПВР и ОСР) и остварувањето на резултатите е условено од усвојувањето на предлог Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата.

Со цел да се зголеми знаењето за ПВР кај државните службеници од министерствата кои работат на процесот на ПВР и подготовка на закони, со осврт на процесот на ПВР, актите кои го регулираа овој процес, неговата поставеност, но и предизвиците при имплементација беше спроведена виртуелна обука на која присуствуваа 30 претставници од министерствата. Исто така во делот на унапредување на квалитетот на процесот на ПВР во соработка со СИГМА отпочнати се активности за методолошка и практична поддршка на три министерства (Министерство за правда - Закон за парнична постапка, Министерство за економија - Закон за концесии и јавно приватно партнерство и Министерство за труд и социјална политика - Закон за работни односи), која ќе обезбеди подобрување на знаењето за процесот за ПВР, техниките и методите за проценка, унапредување на вештините за спроведување на ПВР и подобрување на квалитетот на извештаите за ПВР.

Во рамките на Министерството за информатичко општество и администрација, Одделението за управување со процесот на проценка, објава и следење на регулативата редовно се грижи за успешно управување и унапредување на процесот на ПВР. Тековно, по барање на министерствата, Одделението дава информации и насоки во однос на примената на процесот на ПВР, актите кои ја уредуваат материјата за ПВР и аналитичките алатки за спроведување на ПВР.

### ***Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР)***

Со цел постигнување на поставените задачи и зголемување на вклученоста на засегнатите страни во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките во 2019 година се спроведе техничката надградба на ЕНЕР и во декември 2019 година во употреба се пушти нова надградена верзија на ЕНЕР со која се воведоа нови механизми за ефикасно вклучување на засегнатите страни во сите фази од процесот на планирање и креирање на политики. Сега, заинтересираните страни може да поднесуваат иницијативи и предлози онлајн, а преку форумот се овозможува и интеракција со министерствата. Дополнителна новина на порталот е и можноста за спроведување консултации и за предлог стратегиите и други стратешки документи на министерствата, покрај досегашните консултации за закони.

### ***Унапредување на законската рамка за администрацијата***

Министерот за информатичко општество и администрација, во октомври 2020 година, оформи работна група задолжена да направи ревизија на предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници и Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор. Врз основа на ревизијата се одлучи предлог-законите кои беа поставени на ЕНЕР да се повлечат, преработат и предложат во

форма на нови закони. Имајќи ја предвид меѓусебната поврзаност на Законот за административни службеници (ЗАС), Законот за вработените во јавниот сектор (ЗВЈС) и Законот за висока раководна служба (ЗВРС), и потребата од нивно меѓусебно усогласување во однос на опфатот на високите раководители и на раководителите чии работа и задолженија се пропишани во Законот за административни службеници, министерството во ноември 2020 година го повлече предлог-Законот за висока раководна служба на доработка и усогласување со новите Закон за административни службеници и Закон за вработените во јавниот сектор.

### *Мрежа на организациони единици за управување со човечки ресурси*

Во рамки на редовните активности за координација и поддршка на Мрежата на организациони единици за управување со човечки ресурси беа обезбедени официјални номинации на членови од 400 институции и беше овозможена нивна регистрација на официјалната страна на Мрежата www.mec.mioa.gov.mk. Со цел унапредување на знаењата и вештините на членовите на Мрежата темелено на онлајн прашалник беше спроведена анализа и беа утврдени потребите за специјализирани обуки од областа на управувањето со човечки ресурси. Врз основа на резултатите од анализата во текот на месец ноември и декември беа организирани и спроведени 25 онлајн обуки и тоа: 16 онлајн обуки за Функционална анализа и 9 онлајн обуки за Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР/ХРМИС). Во рамките на оваа активност која се спроведе со поддршка на ОБСЕ беа опфатени 250 вработени во јавниот сектор кои се стекнаа со вештини од областа на управување со човечки ресурси. Министерството за информатичко општество и администрација континуирано ги следи потребите на членовите на мрежата и дава поддршка на истите.

### *Стручно усовршување на административните службеници*

Годишната програма за генерички обуки за 2021 година и Годишната програма за обука за административно управување за 2021 година се донесени во јули 2020 година и истите се објавени на веб-страницатана Министерството. Тековно се прибираат и Годишните планови за обука на административни службеници за 2021 година кои ги доставуваат органите на државна управа, единиците на локална самоуправа и институциите од јавниот сектор.

Работата на Електронската платформа за е-учење се одвиваше тековно и беа направени измени на изгледот на насловната страница, превод на насловите од платформата на албански и на англиски јазик, а беше воведен и параметар за одредување на полот на корисниците.

Активностите за измени на законската регулатива во врска со стручното усовршување и формирање посебна институција за обука, како и законска рамка за обучувачи делумно се реализираа во 2020 година, но беа одложени поради пандемијата од КОВИД-19 и нивна комплетна реализација се очекува во текот на 2021 година, со донесување на новите Закон за административни службеници и Закон за вработените во јавен сектор.

### *Програма на Меѓународната организација на франкофонијата „ Национални франкофонски иницијативи 2019-2022 година“*

Заради пандемијата од КОВИД – 19, дури на почетокот на јуни 2020 година Меѓународната организација на франкофонијата извести дека ја прифаќа нашата предлог-Програма за 2020 година. Како последица на пандемијата, со што се промени и начинот на работење, но и заради предвремените парламентарни избори, односно пролонгирањето на периодот на функционирање на техничката Влада со стеснети надлежности, предлог–Програмата претрпи ревизија со редуцирање и на буџетот и на активностите, што вклучуваше и одложување на почетокот на активностите за 2020 година, по потпишување на Договор за субвенција за 2020 година. На 12 ноември, Министерот за информатичко општество и администрација, по претходно овластување од Владата, го потпиша Договорот за субвенција за Годишната програма за Националните франкофонски иницијативи за 2020 година со Меѓународната организација на франкофонијата и Договорот за реализација на Националните франкофонски иницијативи за 2020 година, во рамки на Програмата "Национални франкофонски иницијативи 2019 – 2022 година" помеѓу МИОА и Францускиот институт во Скопје, со што и започнаа активностите предвидени за 2020 година. Во периодот од 18.11.2020 година до 18.12.2020 година, се реализираше јазична обука по француски јазик од ниво А2 до ниво Ц1 во вкупно 11 групи, со опфат на 58 државни службеници, се спроведоа и две тематски работилници на тема „Симулација на работна група во Советот на ЕУ" за 2 групи на ниво А2-Б1 и Б2-Ц1 со опфат на

вкупно 10 државни службеници, а во период од 9 дена се реализираа 14,5 индивидуални часови по француски јазик за еден (1) функционер. Заради пандемијата, сите предвидени активности се одвиваа на далечина (онлајн). На 22.12.2020 година е доставен и Конечниот извештај за оваа Програма за 2020 година до Меѓународната организација на франкофонијата, подготвен во нивните обрасци и врз основа на нивните насоки и критериуми. Партнер и спроведувач на јазичната обука во оваа Програма е Францускиот институт во Скопје. Врз основа на глобалните критериуми на Меѓународната организација на франкофонијата за оваа Програма и потпишаниот четиригодишен Меморандум за партнерство, во декември 2020 година е започнат процес на програмирање на Годишната програма за 2021 година.

Во текот на 2020 година, а во функција на генерирање нови учесници во оваа Програма за наредните години, Амбасадата на Француската Република и Францускиот институт во Скопје обезбедија средства за часови по француски јазик за 1 (една) група административни службеници на ниво А2. Групата од февруари 2020 година следеше онлајн-часови по француски јазик организирани од Францускиот институт во Скопје.

***Реорганизација на органите на државна управа (ОДУ), агенциите и инспекциските служби од централната власт***

Во 2020 година продолжи реализацијата на предвидените активности во рамките на проектот поддржан од Европската Унија: „Поддршка за државна реорганизација". Во текот на јануари, ангажираните експерти од областа на правото финализираа 4 нацрт-верзии на Законот за организација на органите на државната управа. За финализирање на Методологијата, во февруари беше спроведена еднодневна работилница на која присуствуваа претставници од релевантните институции на која се разменија ставови и мислења. Методологијата беше пилотирана во Министерството за информатичко општество и администрација и институциите кои спроведуваат надлежности во рамките на политиките креирани од МИОА, а тие се: Државен управен инспекторат, Агенција за администрација, Агенција за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, Инспекциски совет и Државен архив на Република Северна Македонија. Се направи попис на органите на државната управа за да се идентификува вистинскиот број на институции кои треба да бидат во рамките на функционалната анализа. Експертите продолжија да ги спроведуваат интервјуата во Министерството за економија и Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука и Министерството за животна средина и просторно планирање, како и во институциите кои спроведуваат политики креирани од овие министерства. Претходно, во јануари, беше подготвен и доставен Извештај за статусот на регулаторните тела во земјите-членки на ЕУ.

Поради пандемијата од КОВИД-19, спроведувањето на интервјуата за одредени проектните активности краток период беа ставени во мирување, по што проектниот тим продолжи со домашни активности поврзани со изработката на Извештаите за најдобри практики на организација на јавната администрација во земји-членки на Европската Унија и тоа: Латвија, Финска и Република Чешка и синтезиски извештај за најдобрите практики. Во почетокот на март беше организирана студиска посета на две земји-членки на ЕУ, Естонија и Латвија.

Во јуни 2020 годин продолжија интервјуата за спроведување хоризонтална функционална анализа. Поради состојбата предизвикана од пандемијата од КОВИД-19, оваа активност се спроведуваше со помош на онлајн-апликации за комуникација. Интервјуата продолжија да се спроведуваат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и во Министерството за труд и социјална политика, како и во институциите кои спроведуваат политики креирани од овие министерства. Во четвртиот бран на интервјуа се одржаа онлајн-состаноци со Министерство за финансии, Министерство за правда и Министерство за култура и институциите кои спроведуваат политики креирани од овие министерства. Одржана е јавна кампања за информирањње на јавноста. Подготвен е извештај за шестмесечен период. На 10 јули, одржан е вториот состанок на Управниот одбор, на кој се дискутираше за досегашните спроведени активности и за активностите кои ќе следуваат.

Проектните експерти досега доставија три предлози за реорганизација и тоа: нацрт-предлог за реорганизација на Министерството за информатичко општество и администрација, Министерство за транспорт и врски и Министерството за економија. Во петтиот бран на интервјуа, се одржаа онлајн-средби со

претставници од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците како и институциите кои спроведуваат политики креирани од овие министерства. Исто така, се одржаа средби со Генералниот секретаријат, Секретаријатот за законодавство и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

До крајот на 2020 година, завршија сите активности во насока на спроведување на Методологијата за хоризонталната функционална анализа и консултациите со претставниците од министерствата по однос на презентирање на нацрт-рамката за реорганизација и нејзино подобрување. По завршување на оваа фаза, проектните експерти ги доставија предлозите за реорганизација на министерствата до претставниците од министерствата.

Законот за организација на органите на државна управа, кој воедно е правната основа за спроведување на целокупниот процес на реформа, беше претставен пред Секретаријатот и Советот за РЈА. Проектот започна и со подготовка за имплементација на компонента 2, чиј главен корисник е ДКСК.

***Отворено владино партнерство (ОВП)***

Во 2020 година се продолжи со реализација на четвртиот Национален акциски план за отворено владино партнерство за 2018-2020 година во кој се дефинирани 18 заложби во 7 приоритетни теми: пристап до информации, интегритет и добро управување, фискална транспарентност, отворени податоци, транспарентност на локално ниво, пристап до правда и климатски промени како и пет заложби во три приоритетни теми: одговорност, пристап до информации и учество на граѓаните, опфатени во посебен дел за Отворен парламент, имајќи ја предвид независноста на работата на Собранието како посебна власт во Република Северна Македонија. За резултатите од заедничката соработка помеѓу институциите и граѓанските организации во спроведување на заложбите од Акцискиот план редовно се информира Владата преку полугодишни информации.

Со цел постигнување целосна усогласеност со барањата кои произлегуваат од оваа иницијатива и следејќи ги Насоките за управување и учество во иницијативата за Отворено владино партнерство и Стандардите за ко-креирање и дизајнирање форум со повеќе засегнати страни, министерот за информатичко општество и администрација донесе Решение за формирање Совет за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот акциски план за отворено владино партнерство 2018-2020 година, бр.03-1550/1 од 14.04.2020 година, со што се обезбедуваат дополнителни услови за унапредување на партнерството. Ова тело има значајна улога и има за цел на структуриран начин да го максимизира учеството и соработката помеѓу институциите и граѓанското општество, преку вклучување релевантни партнери во дискусијата и овозможување да се слушнат гласовите на сите.

Во септември 2020 година отпочна процесот на ко-креирање на новиот, петти по ред Национален акциски план за отворено владино партнерство 2021-2023 година насочен кон приоритетните области кои се однесуваат на: Транспарентност, отчетност, проактивност и инклузивност, Спречување на корупција и промовирање на добро владеење, Испорака на јавни услуги и Пристап до правда. Дополнително, а со цел унапредување на можностите за навремено информирање на граѓаните, невладините организации, деловните субјекти и државните институции и нивно вклучување во оваа иницијатива, Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Фондацијата Метаморфозис, во рамките на Проектот за граѓанско учество поддржан на УСАИД, развија онлајн-платформа за Отворено владино партнерство и во декември се пушти во употреба веб-порталот www.ovp.gov.mk.

***Зајакнување на имплементација на Законот за општа управна постапка (ЗОУП)***

Од почетокот на 2020 година Министерството за информатичко општество и администрација ги продолжи активностите кои имаат за цел унапредување на имплементацијата на Законот за општата управна постапка. Во тој поглед, Точката за информирање за ЗОУП (Help Desk) www.mioa.gov.mk/zoup, воспоставена во јануари 2019 година и во текот на 2020 година продолжи непречено да работи и е во функција на поддршка на

овластените лица или раководителите на организациските единици за управни постапки во јавните органи, за сите прашања и предизвици со кои се соочуваат во врска со примената на Законот за општата управна постапка.

Со оглед на тоа што обуките за унапредување на имплементацијата на Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови наменети за вработените во администрација кои работат управни постапки и за судските службеници и судиите во управните судови, успешно беа спроведени во текот на 2019 година, нивната реализација продолжи и на почетокот на 2020 година. Иако беше предвидено одржување на обуки во текот на целата година и тоа на месечно ниво, поради пандемијата од КОВИД-19, беше одржана само една обука во февруари 2020 година.

Во текот на 2020 година, иако со намален интензитет поради пандемијата од КОВИД-19, се одвиваа и активностите за реализација на заклучоците утврдени во Информацијата на Владата на Република Северна Македонија од 2019 година, со која органите на државна управа кои водат управни постапки се задолжија да назначат лица за водење управна постапка, додека на единиците на локалната самоуправа тоа само им се препорача. Имено и во 2020 година, институциите подготвуваа соодветни измени на своите акти за внатрешна организација и систематизација во насока на усогласување со одредбата од член 24 од ЗОУП и утврдување на организациска единица за водење управна постапка, или систематизирање на најмалку едно работно место за водење на управна постапка. Во овој дел Министерството за информатичко општество и администрација обезбеди целосна поддршка како на државните органи, така и на единиците на локалната самоуправа за усогласување на своите акти со одредбите од ЗОУП.

Од почетокот на јули 2020 година, министерството во соработка со СИГМА спроведува активности во рамките на компаративна анализа на примената на ЗОУП во земјите од Западен Балкан. Оваа анализа има за цел да ги утврди проблематичните аспекти при примената на Законот за општата управна постапка. За потребите на анализата беа подготвени прашалници и беа остварени контакти со повеќе институции кои постапуваат во управни работи. Активностите во врска со спроведување на анализата продолжуваат и во текот на 2021 година.

***Управување со квалитет***

Во 2019 година се работеше на изработка на новата веб-страницата управување со квалитетот која од март 2020 година започна да функционира на доменот на Министерството за информатичко општество и администрација. Со оваа веб-страница се обезбедува поддршка на институциите во областа на управување со квалитет и на неа можат да се најдат сите релевантни документи, информации и новости кои се однесуваат на управување со квалитетот, како и новата верзија на КАФ 2020 година – надополнета и ревидирана верзија на досегашниот КАФ модел, кој е официјален документ на ЕУПАН, преведен на македонски јазик во овој период.

Во 2020 година се започна со реализација на активноста за формирање неформална мрежа за управување со квалитетот, која ќе ја координира Министерството за информатичко општество и администрација. Мрежата е замислена како неформална група членови формирана од претставниците на институциите кои се занимаваат со управување со квалитетот, во која самите членови во координација со Министерството за информатичко општество и администрација ќе ги креираат активностите кои ќе придонесат за ширење и имплементација на моделите за управување со квалитетот. Мрежата исто така би била место во кое ќе се разменуваат добрите практики и искуствата од оваа област.

Нацрт-Методологијата за оценка на индекс на квалитетот на институциите влезе во процедура за усвојување од Владата, и веднаш по усвојувањето ќе се започне со реализацијата на активностите. Планирано е спроведување процес на оценување на 10 институции од јавниот сектор кои ќе ги предложи Министерство за информатичко општество и администрација. По завршената проценка на успешноста на работењето на предложените институции, ќе се избере институција која е најуспешна во своето работење.

Во декември 2020 година на ЕНЕР е поставен предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за воведување систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето услуги во државната служба за коментари. Измената е направена за да се усвои надворешната процедура за проверка, документ на ЕУПАН, која е исто така предвидена во Националниот план за управување со квалитет.

## 1.9.2 Информатичко општество

### *Отворени податоци*

Во рамки на редовните активности за отворени податоци, а со цел координација и непречена реализација на мерките и активностите од Стратегијата за отворени податоци со Акциски план 2018-2020 година, како и подготовка на институциите со техничките аспекти и начинот на функционирање на Порталот за отворени податоци, редовно се одржуваат работни средби со офицерите за отворени податоци. До крајот на 2020 година на Порталот за отворени податоци се објавени 266 податочни сетови од 55 институции од јавниот сектор. Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис, во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, реализираше активности за поддршка на 5 институции (Министерство за локална самоуправа, Државна комисија за спречување на корупција, Управа за јавни приходи, Агенција за катастар на недвижности и Државен пазарен инспекторат) во процесот на отворање на нивните податоци. Во рамките на овој проект се реализираа следните активности: онлајн фокус-групи за утврдување на приоритетите на засегнатите страни со цел отворање на базите на податоци на државните институции (со претставници од граѓанскиот сектор, бизнис-секторот и од медиумите), онлајн-обука за процесот на отворање на податоците во институциите, попис и каталогизација на податочните сетови, приоретизација на податочните сетови, креирање интерни процедури за отворени податоци во 5 институции, стандардизација на структурата на истородни податочни сетови врз основа на анализа на 1-2 истородни податочни сетови од различни институции и предлог-структура за објавување податочен сет, онлајн-консултативни средби со корисниците и објавување стандардизирани податочни сетови од институциите. Исто така, заради стандардизација на процесите за објавување отворени податоци од страна на државните институции, а и во согласност со процесите утврдени во Стратегијата за отворени податоци, беше изработена општа процедура за објавување отворени податоци во форма на ИСО 9001 процедура која лесно се прилагодува за потребите на институциите. Темелено на општата процедура за објавување отворени податоци во АКН, УЈП, МЛС, ДПИ и ДКСК, беа изработени конкретни процедури за објавување отворени податоци. Дополнително, во рамките на овој проект се спроведоа три обуки за отворени податоци на кои присуствуваа 63 учесници од 28 државни институции, а со цел континуирано да се унапредуваат вештините, отпочнати се први активности за изработка на автоматизиран вебинар (видео-обука) за отворени податоци и негово поставување на порталот www.data.gov.mk.

### *Информациски систем за управување на човечки ресурси (ИСУЧР)*

Тековното одржување на постојниот Информациски систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) и активностите за подобрување на степенот на исполнетост со податоци за вработените во јавниот сектор континуирано продолжија и во 2020 година. Новиот веб-сервис за поврзување на Регистарот на вработените во јавниот сектор (кој е дел од ИСУЧР) со Управата за јавни приходи, кој започна да се користи од 30 октомври 2019 година, активно се користеше во текот на целиот извештаен период. Преку овој веб-сервис се врши проверка на усогласеноста на податоците за вработените во институциите од јавниот сектор во постапката за пресметка на плата чија контрола, согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ја врши Управата за јавни приходи со податоците во Регистарот на вработените во јавниот сектор. Овој веб-сервис придонесе за значително подобрување на исполнетоста на ИСУЧР со целосни и точни податоци. Пред неговото воспоставување, во ИСУЧР биле внесени податоци за вкупно 86.130 вработени лица, а до моментот на подготовка на Извештајот бројката се зголемила и изнесува 97.185 (зголемување за 12,84%).

Државниот завод за ревизија го достави конечниот извештај за ИТ ревизија на успешност со наведени 17 препораки во однос на идентификуваните наоди. За сите од препораките, Министерството за информатичко општество и адмнистрација има преземено активности или се внесени во планирани активности. Главните преземени активности се :

- Набавка на нов Модернизиран информациски систем за управување со човечки ресурси,

- Сервис за проверка при поднесување на МПИН податоците од институциите во УЈП и во случај да листите на вработени не соодветствува на внесените вработени во ИСУЧР има забрана за исплата на лични примања за институцијата

- Организација на Мрежа на организационите единици за управување со човечки ресурси

- Обука на овластените лица како дел од проектот за Модернизација на системот за управување со човечки ресурси.

Поради подобрување и осовременување на постојниот информациски систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) Министерството за информатичко општество и администрација во септември 2019 година склучи Договор за модернизација на информацискиот систем за управување со човечки ресурси („ИСУЧР“) кој ќе овозможи воведување нови и подобрување на постојните функционалности, со што ќе има зголемување на квалитетот на управувањето со човечките ресурси, подобрување на ефикасноста во работењето, како и зголемување на транспарентноста. Договорот за модернизација на ИСУЧР се имплементира во рок од 36 месеци.

Во 2020 се спроведуваа активностите за имплементација на фаза 1 од Договорот, во која е вклучено следново: подготвување анализа на прилозите за техничка имплементација на функционалностите од Модулот за лична евиденција, Модулот за пресметка на плата, Модулот за управување со учинок, Модулот извештаи, Модулот за управување со работни процеси, како и Протоколот за преземање на изворниот код и Решението за безбедност и автентикација, и анализите за интеграција на ИСУЧР со останатите системи на Министерството за информатичко општество и администрација со системите на останатите институции.

Поради пандемијата од КОВИД-19, направен е анекс на Договорот за продолжување на реализирањето на фаза 1 за период од 3 месеци, а со тоа се продолжи времето за завршување на договорот.

***Интероперабилност***

Тековното одржување на платформата за интероперабилност, како и активностите за приклучување нови институции и нови сервиси на оваа платформата продолжија и во 2020 година. Заради неисплатливост во одржувањето две сервисни магистрали паралелно, преземени се активности и сите сервиси со кои се разменуваа податоци на првата сервисна магистрала МИМ1 се пренасочени и функционираат на втората сервисна магистрала МИМ2 .

Активности за развој на нова функционалност на платформата за интероперабилност, за воспоставување на пристап за поврзување на повеќе посредни корисници преку единствен комуникациски клиент, иако планирани (Node CC), не се отпочнати поради недостигот од буџет за реализација на оваа круцијална надградба која ќе предизвика измени во сите модули од Платформата за интероперабилност. Во моментот Инспекцискиот совет, кој е една од институциите кои имаат потреба од Node CC комуникациски клиент, е приклучен на платформата како обичен комуникациски клиент.

Бројот на трансакции на втората сервисна магистрала МИМ2 од Платформата за интероперабилност забележа континуиран раст и во 2020 година. Во текот на 2020 година (заклучно со 26.12.2020 година) овој број изнесуваше 3.574.212 трансакции. На втората сервисна магистрала МИМ2 од платформата за интероперабилност во текот на 2020 година се приклучија неколку нови институции, како на пример Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Инспекцискиот совет и други. Со овие институции вкупниот број на институции/инстанци (комуникациски клиенти) кои се приклучени на Платформата за интероперабилност во моментот е 34, додека во 2016 на платформата биле приклучени само 15 институции . На располагање се 324 веб сервиси/методи за размена на податоци.

Централниот регистар на население и Националниот портал за е-услуги активно разменуваат податоци преку платформата за интероперабилност, а за таа цел се користат сопствени комуникациски клиенти.

***Каталог на јавни услуги***

Во текот на 2020 година континуирано се внесуваа и верификуваа дополнителните услуги во Каталогот на услуги. Сите активности за анализа на податоците во Каталогот, како препораки за оптимизација на Каталогот, се одложени поради пандемијата од КОВИД-19. До крајот на 2020 година, вкупниот број на верификувани и одобрени услуги внесени во Каталогот изнесуваше 810, а податоците за нив се објавени на Националниот портал.

***Национален портал за е-услуги (Портал)***

Во текот на 2020 година Националниот портал за е-услуги беше дополнет со 11 новоразвиени е-услуги, со што вкупниот број на е-услуги изнесува 139. На крајот на јули 2020 година Порталот за услуги надмина 20 илјади корисници, додека до крајот на 2020 година броеше повеќе 30 илјади корисници. Порталот најде голема и незаменлива примена во периодот кога имаше забрана за движење во рамки на мерките во борба со пандемијата од КОВИД-19. Само преку него се поднесуваа барања за движење за време на полициски час и преку него се добиваа дозволите за движење. Порталот се искористи за уште една од мерките за справување со пандемијата од КОВИД-19, поточно за давање ваучери на обуки за дигитални вештини за млади лица во соработка со Министерството за образование и наука. Преку Порталот конкурираа правни лица за внес во листата даватели на обуки, како и за поништување на ваучерите, додека младите лица конкурираа за добивање ваучер. Во листата на даватели беа запишани над 350 правни лица, а за ваучери беа поднесени 2.831 апликации, од кои беа одобрени и се издадоа ваучери за 2.500 млади лица до 29 години.

***Една точка за услуги (ЕТУ)***

Во текот на 2020 година извршена е трансформација на центарот „Една точка за услуги" - Скопје, со воведување граѓански ориентиран концепт на прием на странки, односно концепт каде службеникот ги пречекува граѓаните на биро и нивната комуникација е отворена и подостоинствена, на граѓаните им се овозможуваа подобро информирање, послободен однос со институциите и подобра услуга.

Исто така започна и функционирањето на Центарот ЕТУ - Тетово, каде граѓаните може да добијат информации за услугите објавени на Порталот uslugi.gov.mk. Во тек се градежно-занаетчиски активности за воспоставување на три нови центри ЕТУ во градовите Битола, Куманово и Охрид.

Извршена е трансформација на Центарот за услуги во Скопје и тој веќе функционира во согласност со новиот концепт од визуелното брендирање. Завршени се подготовките за Центарот за услуги ЕТУ-Тетово во кој се овозможува помош на граѓаните и се даваат информации во однос на аплицирањето и добивање електронски документи. Во моментот се финализира опремувањето на центрите ЕТУ во градовите Охрид, Куманово и Битола.

***Централен регистар на население***

Во првата половина од 2020 година Министерството за информатичко општество и администрација продолжи со координативни состаноци за интеграција на системите од другите институции со Централниот регистар на население. Важноста на проектот во дигитализацијата и дигиталниот идентитет за населението беше препознаена и од Mastercard EU. Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за финансии, потпиша Меморандум за соработка со Mastercard EU, со кој се предвидува секој граѓанин евидентиран во Централниот регистар на население да има можност да добие електронски идентитет. Технологиите на Mastercard EU се ставаат во сервис на Република Северна Македонија со цел тука да се воспостави едно од првите интероперабилни решенија за дигитална идентификација во Европа.

Во првото тримесечје од 2020 година, за време на полицискиот час, односно забраната за движење на граѓаните поради нивна заштита од КОВИД -19, беше воспоставена нова функционалност во системот со која се овозможи издавање дозволи за движење на граѓаните за време на полициски час. Исто така, во овој период беше направена и првата размена на податоци со Државниот завод за статистика. Во второто тримесечје од 2020 година беа реализирани неколку софтверски надградби во системот, со што се овозможи секојдневно известување за сите неусогласености во податоците за населението. Преку овие секојдневни известувања се добива информација за сите настанати пропусти во системите кај изворните институции.

Покрај овие активности, во овој период беа направени две безбедносни тестирања на системот и во согласност со препораките од експертите беа извршени соодветните промени во конфигурирањето на системот. По барање на ЦФЦД во овој период продолжија преговорите за затворање на дел 1 од договорот за набавка на опрема финансиран во рамки на ИПА 2013 година.

Во текот на третото тримесечје од 2020 година, по спроведената јавна набавка за избор на компанија која ќе го одржува системот, Министерството за информатичко општество и администрација склучи двегодишен договор за одржување на системот. Во овој договор покрај редовните активности за одржување на системот, предвидени се 4 компоненти кои го подобруваат софтверското решение и инфраструктурата на системот. Исто така, во овој период беа спроведени низа проверки со што се заврши дел 1 од договорот за набавка на опрема финансиран во рамки на ИПА 2013 година и беше донесен „Partial provisional acceptance“ . Во текот на третото и четвртото тримесечје до Министерството за информатичко општество и администрација беа испратени повеќе барања за пристап до Централниот регистар на население. Министерството за образование и наука во декември 2020 година доби пристап на продукциската околина во системот Централен регистар на население, за спроведување услуги за нострификација на дипломи. Во четвртото тримесечје Министерството за информатичко општество и администрација испрати дописи до Државниот завод за статистика и до Државната изборна комисија со цел да се воспостави соработка за размена на податоци за попис и избирачки список. По спроведени консултации со Агенцијата за лични податоци, Државната изборна комисија достави известување до Министерството за информатичко општество и администрација за потребите од донесување меморандум за соработка во кој ќе се наведат меѓусебните права и обврски и мерките за заштита на личните податоци. Оваа активност со Државната изборна комисија ќе биде завршена во текот на првото тримесечје од 2021 година.

***Електронска идентификација и доверливи услуги***

Во првата половина од 2020 година се донесоа сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Во втората половина од 2020 година до Министерството за информатичко општество и администрација беа поднесени 8 барања за регистрација во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација, кои заедно со придружната документација беа обработени од надлежната работна група. Во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација беа регистрирани два даватели на квалификувани доверливи услуги, со вкупно 4 квалификувани доверливи услуги, како и еден издавач на шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност.

***Систем за управување со документи (ДМС)***

По воспоставување на продукциската околина на модернизираниот систем за управување со документи од 02.01.2020 година, 13 институции започнаа активно да го користат модулот за архивско и канцелариско работење. Останатите 7 планирани институции постепено се вклучуваа по обезбедување соодветни информатички и човечки ресурси.

Во втората половина од 2020 година, за секоја институција-корисник на модернизираниот ДМС-систем се изработени и имплементирани два основни процеси, односно процес за распределба на влезна документација и општ процес за движење на документи во институцијата (генерички процес). Исто така, реализирани се низа подобрувања на постојните функционалности, како и нови функционалности, кои значително го подобрија работењето на корисниците. Во 2020 година е извршена имплементација на модулот за архивско и деловодно работење, како и процесите за распределба на влезна документација и движење на документи во вкупно 15 институции, а во 2021 година се очекува дополнителни институции да почнат да го користат системот. Континуирано се реализираат активности за одржување на целокупното решение. Во согласност со Договорот за модернизација на Системот за електронско управување со документи (ДМС), до крајот на 2022 година предвиден е развој на до 200 работни процеси, во насока на дигитализација на работењето на институциите. Проширувањето на системот со нови институции и корисници за зголемување на бројот на корисници на електронските системи за управување со документи во институциите зависи од обезбедувањето на финансиските средства за системот.

***Платформа за електронска достава на сервиси (eSDP - Service Delivery Platform)***

Во текот на 2020 година не е реализирана набавка за одржување на системот за управување со процеси за давање на електронски услуги (eSDP) во која се предвидува имплементација на процеси во институциите кои немаат можност за градење сопствени интерни електронски процеси за следење и генерирање електронски услуги за граѓаните.

***Национален оперативен бродбенд план на Република Северна Македонија и активности кои произлегуваат и се поврзани со него***

Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) во периодот јануари - јуни 2020 година, одржа седум онлајн-седници. На 31.03.2020 година НКБК го усвои Првиот Извештај[1] кој се однесува на развојот на бродбенд-пазарот во државата во однос на развој на бродбенд-пазарот во Европската Унија (согласно DESI) и спроведувањето на НОБП и исполнување на националните бродбенд-таргети. Извештајот е исклучително важен за развојот на бродбендот во државата, креирањето на политики, бизнис-планови, користењето државна помош и т.н., но и за идниот процес на преговори со ЕУ.

Во првото полугодие на 2020 година, НКБК ги усвои предлог-Препораките за поставување кабелска канализација финансирана со јавни средства[2], како и користење на постојната кабелска канализација. Документот ќе послужи за постигнување на националните таргети за фиксен бродбенд, за понатамошен развој на владината оптичка мрежа, за потребите на безбедносните структури во државата, како и за оптичко поврзување на бесплатни WiFi точки, а ќе создаде и услови за развој на Четвртата индустриска револуција.

Во овој период НКБК ги усвои Методологијата за утврдување на Индексот на дигитална економија и општество (DESI-Digital Economy and Society Index)", како и измените на Образецот за формата и содржината кои треба да ги содржи Извештајот за развој на бродбенд-пазарот во согласност со DESI.

Во периодот јули-декември 2020 година, НКБК одржа вкупно 11 редовни онлајн-седници, во чии рамките се усвоени следните документи:

---

[1] https://bco.mioa.gov.mk/wp-content/uploads/2020/03/Прв-Извештај-на-НКБК-за-развој-на-бродбендот-во-државата-и-спроведување-на-НОБП.pdf

[2] http://bco.mioa.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/Препораки-за-поставување-на-кабелска-канализација-финансирана-со-јавни-средства-како-и-користење-на-постоечка-кабелска-канализација.pdf

[7] https://bco.mioa.gov.mk/wp-content/uploads/2020/09/Извештај-на-НКБК-бр.2-усвоен-на-29.9.2020.pdf

- Предлозите и коментарите на НКБК по однос на предлог-текстот на Националната ИКТ-стратегија, предлогот на Акцискиот план и документот State-of-Play,
- Вториот Извештај за развој на бродбендот во државата, согласно DESI-индикаторите на ЕУ и спроведувањето на НОБП[7],
- Препораките за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини, согласно Програмата за работа на Владата (2020-2024 година) и НОБП,
- Коментарите и предлозите на НКБК за нацрт-Студијата за органите на BCO во земјите од Западен Балкан.

Сите записници од одржаните седници, како и предлози, препораки и мислења на НКБК се објавуваат на веб локацијата на НКБК [7].

Од април 2020 година, НКБК е членка на Мрежата на европските тела за бродбенд-компетентност (BCO Network).

### *Подготовки за воведување на 5G во Република Северна Македонија*

Во Република Северна Македонија, опсезите 700 MHz, 3.6 GHz и 26 GHz се наменети обезбедување 5G-услуги. Во согласност со Националната програма за Оперативниот бродбенд план (НОБП), на 05.02.2020 година, Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) отвори јавен повик за добивање мислење од засегнатите страни во однос на издавање одобренија за користење радиофреквенции за 5G. По завршување на јавната расправа предвидена во јавниот повик, на 20 април 2020 година, пристигнаа коментари од неколку заинтересирани страни: Интраком Телеком, Неотел, Македонски Телеком, А1 Македонија и Еоло. Одговорите на сите засегнати страни, како и ставот на Агенцијата се објавени на веб страницата.[3]

Во согласност со мерките од НОБП, АЕК во 2020 година спроведе и хармонизирање на спектарот во рамките на CEPT и го имплементира во националната регулатива во текот на 2020 година.

Планот за намена на радиофреквенцискиот опсег во Република Северна Македонија е подготвен на 09.12.2020 година и е пратен до Владата на Република Северна Македонија, односно до Министерството за информатичко општество и администрација, за да се обезбеди согласност како што е предвидено со Законот за електронските комуникации. Исто така, се подготвии планот за доделување и користење радиофреквенции, јавната расправа е завршена и имплементирани се забелешките од заинтересираните страни. Овој план ќе биде усвоен по добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за планот за намена. По ова, АЕК ќе спроведе јавен тендер за доделување радиофреквенции за 5G со цел исполнување на националните 5G-таргети утврдени во НОБП, односно вп планот за воведување и развој на 5G. Согласно Законот за електронските комуникации, за најнискиот еднократен надоместок за користење на радиофреквенциите за 5G согласност треба да даде Владата. Во однос на тоа, мислење дава и Министерството за информатичко општество и администрација.

### *Роаминг*

Од 1 јули 2019 година, започнаа да важат пониски цени за малопродажните регулирани роаминг-услуги за претплатниците кои патуваат во земјите од Западен Балкан. Ваквото намалување се должи на Одлуката за утврдување на максималните цени на роаминг-услугите во јавни мобилни комуникациски мрежи која на 25.06.2019 година ја донесе директорот на Агенцијата за електронски комуникации. Со Одлуката се предвидува значително намалување на малопродажните и големопродажните цени на роаминг-услугите за корисниците на електронските комуникациски услугите во роаминг кои патуваат во петте земји на Западен Балкан – Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово (и обратно).

---

[3] https://aek.mk/javen-povik-za-mislenje-za-izdavanje-odobrenija-5g/

Започнувајќи од 1.07.2021 година, се предвидува напуштање на дополнителното тарифирање за роаминг-услугите, односно се воведуваат цени за роаминг-услуги исти како цените на електронските комуникациски услуги на домашниот пазар (eng. Roam Like at Home). Тоа значи дека корисниците на роаминг-услугите во земјава, од 1 јули 2021 година нема да доплаќаат повисоки цени од домашните тарифни модели за користење на роаминг-услугите кога ќе патуваат во останатите пет земји-потписнички на оваа спогодба, без разлика дали станува случај за користење на интернет, говор или СМС. Влезниот повик во роаминг ќе се третира исто како и влезниот повик во домашниот пазар, односно без дополнителен надоместок за корисникот. Користењето на роаминг-услуги под вакви поволности ќе биде регулирано само под одредени политики за фер користење и одржливост, од страна на АЕК.

Ваквите мерки придонесоа до намалување на цените за роаминг-услугите во просек од 83%-99% уште во првата година од нејзиното имплементирање споредено со претходните цени на малопродажните роаминг услуги во земјите на Западен Балкан.

Согласно претходното, може да се каже дека Договорот успешно тековно се спроведува.

***Јакнење на улогата на јавниот радиодифузен сервис и градење професионални капацитети на медиумскиот регулатор***

Во октомври 2020 година јавниот радиодифузен сервис - Македонска радио телевизија (МРТ), воведе нови телевизиски програмски услуги и објави предлог-верзија на Петгодишната стратегија на МРТ, чија цел е обезбедување и развој на универзален, независен, квалитетен, програмски разновиден јавен сервис. Во план е дополнително воведување на нови радио-програмски сервиси.

Во 2021 година, предвидено е Министерството за информатичко општество и администрација да формира работна група за законски измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и другите законски решенија во областа на медиумите и нивно усогласување со новата Директива на ЕУ за аудиовизуелни услуги.

***Национална стратегија за сајбер-безбедност***

Во 2020 година Владата на Република Северна Македонија ја усвои Националната таксономија за сајбер-инциденти[4]. Дополнително, во согласност со Националната Стратегија за сајбер-безбедност и Акцискиот план, Владата им наложи на сите јавни и државни органи да станат конституенти на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT (во рамки на АЕК) и да пријавуваат инциденти.

## 1.10 Осврт на остварени резултати во тековната 2021 година

### 1.10.1 Реформа на јавната администрација

***Стратегија за рефирма на јавнат адмнистрација***

Министерството за информатичко општество и администрација во текот на 2021 година продолжи да го спроведува ревидираниот Акциски план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022 година). Имајќи го во предвид отежнувањето во работењето и предизвиците од пандемијата од КОВИД-19, во март 2021 година беше финализиран третиот полугодишен извештај за имплементација на Акцискиот План на Стратегијата за периодот

[8] https://mkd-cirt.mk/wp-content/uploads/2020/08/20200811_Nacionalna-taksonomija.pdf

јануари - јуни 2020 година. Во јануари 2021 година започнаа подготовките на третиот Годишен извештај за имплементација на Акцискиот План на Стратегијата за 2020 година (понатаму Годишен извештај). Годишниот извештај содржи детални информации за активностите кои завршиле или требало да завршат во периодот на известување, кој го опфаќа периодот од јануари до декември 2020 година и активностите кои започнале да се спроведуваат во периодот на известување (јануари – декември 2020 година), а треба да завршат во наредните квартали.

Во согласност со воспоставената пракса, министерството упати јавен повик до граѓанските организации и засегнатите страни да достават податоци релевантни за подготовка на Годишниот извештај. Имено, нацрт-Годишниот извештај беше презентиран пред клучните граѓански организации на јавна дискусија на 16 јуни 2021 година. Истовремено, третиот полугодишен извештај за имплементација на Акцискиот План на Стратегијата за РЈА за периодот јануари - јуни 2020 година и нацрт Годишниот извештај беа презентирани и усвоени на седниците на Секретаријатот за реформа на јавната администрација одржана на 21 јуни 2021 година и на Советот за реформа на јавната администрација одржана на 13 јули 2021 година. . Едновремено, Годишниот извештај беше усвоен на 94 -та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 04 август 2021 година.

Во јули 2021 година, започнаа подготовките на четвртиот полугодишен Извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за Реформа на јавната администрација 2018-2022 (понатаму Извештај). Извештајот содржи детални информации за активностите кои завршиле или требало да завршат во периодот на известување, кој ги опфаќа првиот и вториот квартал (јануари – јуни) од 2021 година. Министерството, во согласност со веќе воспоставената пракса во септември 2021 година, упати јавен повик до граѓанските организации и засегнатите страни да достават податоци релевантни за подготовка на Извештајот.

***Проценка на влијанието на регулативата (ПВР)***

Покрај спроведување на процесот на ПВР во подготовката на предлог законите во областите за кое е надлежно, Министерството за информатичко општество и администрација се грижи за унапредување на процесот на ПВР. Во согласност со Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година, спроведена е анализа на постојните ex-ante и ex-post процеси со цел оценување на нивната актуелност, корист и употреба како и дефинирање на ефикасен механизам за утврдување на законите кои ќе подлежат на ex-post анализи, подготвени се препораки и предлог за пристапот за ex-ante и ex-post анализи, и подготвен е нацрт-прирачник за спроведување на ex-ante и ex-post анализи при креирање политики и специјализирана програма за обука. Донесувањето на новите документи (Методологија, Упатство и Одлука за ПВР и ОСР) и остварувањето на резултатите е условено од усвојувањето на предлог Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата.

Со цел да се зголеми знаењето за ПВР кај државните службеници од министерствата кои работат на процесот на ПВР и подготовка на закони, со осврт на процесот на ПВР, актите кои го регулираат овој процес, неговата поставеност но и предизвиците при имплементација како продолжување на основната обука во текот на 2020 година беше спроведена виртуелна напредна обука на која присуствуваа 30 претставници од министерствата. Исто така во делот на унапредување на квалитетот на процесот на ПВР во соработка со СИГМА беа спроведени активности за методолошка и практична поддршка на три министерства (Министерство за правда - Закон за парнична постапка, Министерство за економија - Закон за концесии и јавно приватно партнерство и Министерство за труд и социјална политика - Закон за работни односи). Оваа поддршка обезбеди подобрување на знаењето за процесот за ПВР, техниките и методите за проценка, унапредување на вештините за спроведување на ПВР и подобрување на квалитетот на извештаите за ПВР. Дополнително за унапредување на квалитетот на ПВР во соработка со СИГМА ќе се работи на развој на листа за проверка на квалитетот на извештаите за ПВР. Соработката со СИГМА продолжи во рамките на МИОА во однос на унапредување на ПВР Извештајот за ПВР. Во месец декември во рамките на процесот на ПВР, а со цел воведување на концептот за вклучување на родовите аспекти во креирањето политики, се спроведоа две дво-дневни on-line обуки за координаторите и заменците координатори за ПВР од министерствта.

Во рамките на Министерството за информатичко општество и администрација, редовно се грижи за успешно управување и унапредување на процесот на ПВР. Тековно, по барање на министерствата, одделението, дава информации и насоки во однос на примената на процесот на ПВР, актите кои ја уредуваат материјата за ПВР и аналитичките алатки за спроведување на ПВР.

### *Единствен национален регистар на прописи (ЕНЕР)*

Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) постојано се развива и претставува централна точка за вклучување на засегнатите страни во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на сите фази од процесот на планирање и креирање на политики. Министерството за информатичко општество и адмнистрација како надлежна институција која управува со порталот во името на Владата ќе ги продолжи активностите за постојано унапредување и јакнење на капацитетите на државните службеници за непречено користење на ЕНЕР и соработката со претставниците на засегнатите стани во процесот на креирање на политики.

### *Унапредување на законската рамка за администрацијата*

Работната група за изработка на Предлог Законот за административни службеници (ЗАС), Предлог Законот за вработените во јавниот сектор (ЗВЈС) и Предлог Законот за висока раководна служба (ЗВРС), интензивно работеше на нивната изработка со цел нивно меѓусебно усогласување за да бидат подобрени сите недостатоци со кои се соочуваат институциите при примена на постоечките законски решенија, односно за постигнување на ефикасна и професионална администрација. Министерството за информатичко општество и администрација на 17 септември оваа година ги објави драфт верзиите на Законот за висока раководна служба, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници на порталот ЕНЕР. Се организираа состаноци со државните секретари и претставници од организационите единици за управување со човечки ресурси на сите министерства и Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство. Одржани се работни состаноци со Државната комисија за спречување на корупција и Агенцијата за администрација за подобрување на текстот на овие закони согласно нивните коментари, сугестии и предлози. Драфт верзиите се пратени и на поголемите политички партии со кои во овој период се одржуваат состаноци за подобрување на текстот на законите кои во иднина би биле целосно и од сите имплементирани.

### *Мрежа на организацски единици за за управување со човечки ресусрси*

Активностите на Мрежата на организациони единици за управување со човечки ресурси (МЧР мрежа), во првото полугодие од 2021 година, беа насочени кон организација и координација на специјализирани обуки и консултации за подобрување на перформансите на вработените во одделенијата за човечки ресурси. Во месец мај, вработените во јавната администрација од 1.332 институции беа поканети да се пријават на пет специјализирани обуки и тоа: 1) Подготовка на функционална анализа; 2) Подготовка на годишен план за вработување; 3)Подготовка на Годишен план за обука на административниот персонал; 4) Подготовка на систематизација и промена на систематизација на работните места во институциите во јавниот сектор и 5) Работа со информатички систем за управување со човечки ресурси (HRMIS). Вкупно 1.748 учесници се пријавија на обуките. Во месец јуни започна со одржувањето на горенаведените обуки и се реализирана вкупно 30 обуки. Поради периодот на годишни одмори, целосната реализација на закажаните 68 обуки се очекува да се заврши до средината на август 2021 година. Целокупната организација и реализација на обуките / консултациите ја поддржува Министерството за информатичко општество и администрација. Во втората половина од 2021 година, по завршување на сите обуки организирани од страна на МЧР, во склоп на Антикорупциската програма на Министерството за информатичко општество и администрација, беа испратени Потврдите за присуство на учесниците на обуките во 2021 година, како и Сертификатите за одржаните минатогодишни специјализирани обуки за Функционална анализа и Hrmis системот.

***Стручно усовршување на административните службеници***

На почетокот на 2021 година, донесени се Годишната програма за генерички обуки за административни службеници за 2022 година https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/training/gpgo_2022.pdf и Годишната програма за обука за административно управување за 2022 година https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/training/gpau_2022.pdf и истите се објавени на веб-страницата на Министерство за информатичко општество и адмнистрација. На 19.11.2021 година, беше објавено Изестувањето за доставување на Годишен план за обуки за административни службеници за 2022 година https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/3710 , а од 01.12.2021 година се примаат и обработуваат годишните планови за обука од институциите. Овие активности се во тек и ќе траат до втората половина на јануари 2022 година, по што ќе може да се утврди конечне преглед на доставени годишни планови за обука за 2022 година од институциите, број на издадени мислења и укажувања по истите, како и број на обуки и број на административни службеници опфатени со овие годишни планови за 2022 година. Сите податоци од конечниот преглед ќе бидат дел од содржините на информациите за реализација на Годишната програма за генерички обуки за административни службеници за 2022 година и за реализација на Годишната програма за обука за административно управување за 2022 година, кои ќе бидат поднесени до Владата на Република Северна Македонија.

За електронската платформа за е-учење (ЛМС) се спроведе процедура за Јавна набавка за одржување на платформата. Извршен е избор на изведувачот и во постапка е следење на реализација на барањата од Договорот со изведувачот, во траење од една година.

Активностите за измени на законската регулатива во врска со стручното усовршување и формирање посебна институција за обука, како и законска рамка за обучувачи, делумно се реалирираа бидејќи до крајот на 2021 година се очекува да се донесат на новите Закон за административни службеници, Закон за вработените во јавен сектор и Закон за висока раководна служба.

***Програма на Меѓународната организација на франкофонијата „Национални франкофонски иницијативи за 2019 – 2022 година“***

По претходен процес на програмирање, и по известувањето од Меѓународната организација на франкофонијата за условите, роковите и критериумите за 2021 година, беше подготвена и на 20.01.2021 година, до Меѓународната организација на франкофонијата, беше испратена Предлог-програмата за НФИ за 2021 година. Со Предлог-програмата за 2021 година е предвидена обука по француски јазик преку online колективни часови организирани во 9 групи од по 12 учесници од ниво А2 до ниво Ц1, односно со вкупен опфат на 108 учесници, по 20 часа обука по француски јазик за вкупно 3 државни фнкционери, 48 DFP RI дипломи, еден еднодневен online тематски семинар за вкупно 14 учесници, еден дводневен регионален online семинар за вкупно 14 учесници и 3 online тематски ателјеа за вкупно 72 учесника, односно по 2 групи од по 12 учесника за секое тематско ателје. Активности, заради пандемијата, ќе се одвиваат online односно преку електронска платформа во сопственост на Францускиот институт во Скопје, а ќе се спроведуваат во периодот од денот на потпишувањето на Договорот за соработка за реализација на Програмата „Националните франкофонски иницијативи (НФИ) 2021“ со Францускиот институт во Скопје до декември 2021 година, и потпишувањето на Договорот за обезбедување на услуги склучен во согласност со Договорот за субвенција за 2021 година во рамки на Програмата „Националните франкофонски иницијативи 2019 – 2022“ потпишан со Меѓународната организација на франкофонијата, за спроведување на Програмата Р01 - „Промоција и влијание на француски јазик за целите на интеграција и развој ", кој се однесува на организација и реализација на тематскиот online семинар, а ќе го спроведат два експерти од листата што претходно ни ја достави Меѓународната организација на франкофонијата.

На 14.01.2021 година по покана и во организација на Меѓународната организација на франкофонијата, а заради пандемијата, online беше одржан првиот состанок на Комитетот за насочување (Steering Committee/ Comité de pilotage) на кој учествуваа Националниот политички координатор и Националниот

технички координатор за Програмата 2019 – 2022 од Министерството за надворешни работи, односно од Министерството за информатичко општество и администрација и Директорката за јазична обука од Францускиот институт во Скопје. Во периодот 26-28 мај 2021 година по покана и во организација на Меѓународната организација на франкофонијата, а заради пандемијата, online беше организирана обука за националните координатори – учесници во Програмата, на која учествуваа Националниот политички координатор и Националниот технички координатор за Програмата 2019 – 2022 од Министерството за надворешни работи, односно од Министерството за информатичко општество и администрација и Директорката за јазична обука од Францускиот институт во Скопје.

Договорот за субвенција за 2021 година е потпишан на 01.11.2021 година. На истиот ден се потпишани и Договор за спрведување на активностите со Францускиот институт во Скопје и Договор за услуги со г-ѓа Лоренс Рил – експерт предложен од МОФ, а за одржување на тематски семинар во 2021 година.

Во периодот од 06.11.2021 – 30.11.2021 година, одржани се 114 часа колелективна обука за 2021 за вкупно 40 учесници на 4 нивоа (А2, Б1, Б2 и Ц1), од кои 35 женски и 5 машки, каки и две трматски атељеа за вкупно 9 учесници од кои 8 ченски и 1 машко и за прв пат во Репубика Северна Македонија, се организираа испити за DFP RI диплома за која беа пријавени 8 наши кандидати, а положија вкупно 3 кандидати, од кои 2 женски и 1 машко.

На 20-ти октмври се одржа, многу успешен и многу корисен, еднодневен онлине тематски семинар со г-ѓа Лоренс Рил, обучувач од листата на МОФ. На тематскиот семинар присуствуваа вкупно 9 учесници, од кои 8 женски и 1 машко, од вкупно 6 органи од нашата администрација.

На 13 и 14 декември 2021 година, онлине, се одржа првиот регионален семинар на тема Конференција за „Иднината на Европа“, на кој активно учествуваа 8 учесници, 1 учесник во Словачка и 7 учесници во администрацијата на Република Северна Македонија. На семинарот, во рамки на свеченото отворање, во име на Меѓународната организација на франкофонијата, пред присутните, од Букурешт, се обрати г-динот Ерик Поп, претставник на Регионалното биро за Југо – Источна Европа при Меѓународната организација на франкофонијата, по што следеше видео – обраќањето на Doc.Dr. Jeton Shaqiri, Министер за информатичко оштество и администрација на Република Северна Македонија, кое се обрати во име на Националната координација на Република Северна Македонија за оваа Програма. Во текот на целиот семинар, со свое присуство и активно следење, во име на Меѓународната организација на франкофонијата, од Париз, не почести г-ѓата Матилда Ландиер, специјалист за Програмата во Меѓународната организација на франкофонијата. По свеченото отворање, следеше панел дебатата на три еклесенции, и тоа, Н.Е. Fatos Reka, Амбасадор на Република Албанија во Скопје и доајен во амбасадорскиот кор на акредитирани амбасадори за Република Северна Македонија, Н.Е. Adela Monica Axinte, Амбасадорка на Република Романија во Скопје и Н.Е. Cyrille Baumgartner, Амбасадор на Република Франција во Скопје, а со нивно физичко присуство во Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија. Домаќин и модератор на дебатата беше, Н.Е. г-динот Пајо Авировиќ, Амбасадор и Личен претставник на Претседателот на Република Северна Македонија во Меѓународната организација на франкофонијата. Пред почетокот на дебатата, Амбасадорот Авировик, го прочита поздравното обраќање на Dr. Bujar Osmani, Министер за надворешни работи на Република Северна Македонија. Семинарот, во текот на двата дена, се одвиваше непречено и многу динамично, благодарение на исклучително професионалниот, уникатен пристап, којшто го обезбеди обучувачот, г-ѓа Ана Крстиновска. Со тоа се случи навистина корисен, плоден, интерактивен и успешен семинар. Учесниците имаа различни форми и можности активно да говорат и така да го подобрат и да го збогатат нивниот француски јазик ! Со ваквиот концепт на семинарот упешно се поврза оваа Програма на ОИФ, која и самата посебе е иницијатива, со една друга голема иницијатива на Европската унија – Конференцијата за иднината на Европа, така што, нашите учесниции, со многу интересни и креативни предлози, дадоа свој директен придонес кон предизвиците за изднината на Европа, а низ различните форми на користење на францускиот јазик, ги подобрија нивните капацитети, особено, вокабуларот, од француски јазик и направија исклучителна форма на промоција на францускиот јазик, збогатувајќи ја Програмата „Национални франкофонски иницијативи 2021“ од Меѓународната организација на франкофонијата за Република Северна Македонија.

На 16.12.2021 година, до Меѓународната организација на франкофонијата, согласно нивните критериуми и обрасци, беше доставен и Конечниот извештај за реализација на активностите за 2021 година за оваа Програма. Со ова, и покрај тешките објективни околности, всушност речиси во целот ги исполнивме активностите, предвидени во Програмата за 2021 година.Во тек се процесите за програмирање на Годишната програма за 2022 година, согласно критериумите, насоките и обрасците, доставени од Меѓународната организација на франкофонијата.

***Реорганизација на органите на државна управа(ОДУ), агенциите и инспекциските служби од централната власт***

Реализацијата на активностите предвидени во ИПА 2017 проектот "Support to State Reorganisation" продолжи во 2021 година. Проектните експерти ги изработија Нацрт извештаите за реорганизација на министерствата и Центарот на Владата на Република Северна Македонија со кои се поставави институционалната рамка на министерските системи како и структура на истите. Реорганизацијата се насочува кон оптимизација на органите на државната управа преку процес на укинување и спојување органи помеѓу кои постои преклопување на надлежности или пак преку истото ќе се постигне подобра ефикасност и ефективност во нивното работење. Во изминатиот период се работеше на финализирање и прифаќање на Извештаите од засегнатите министерства и Центарот на Владата на Република Северна Македонија, каде во меѓувреме се работеше и на финализираше Интегрираниот извештај за реорганизација. Со цел поефикасно спроведување на целокупниот процес на реорганизација и оспособување на вработените кои активно учествуваат во овој процес, во согласност со планот за работа, на 9 и 10 јуни се одржаа два тематски семинари за реорганизација (reorganisation) и управување со промени (change management) во Скопје, со претставници на министерствата и Центарот на Владата на Република Северна Македонија, Генералениот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. Паралелно со овој процес се работеше и на финализирање на нацрт Методологијата за проценка на влијанието за формирање, спојување и укинување на органите на државната управа. За оваа цел, се одржаа два работни семинари во Охрид, на кои присуствуваа номинирани претставници од 15 министерства и Центар на Владата на Република Северна Македонија.

Правната основа за спроведување на Реформата во јавната администрација се поставува со новиот Закон за организација на органите на државната управа, за чија цел се формираше работна група со претставници од поголемите политички партии, претставници од Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријат за законодавство, Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците, Канцеларијата на претседателот на владата на Република Северна Македонија и претставници од невладиниот сектор кои ќе работат на негово усовршување, од причина што тоа е органски закон и неговото донесување има голема важност во понатамошните процеси.

Членовите на работната група, формирана за подготовка на новиот Закон за организација на органите на државната управа, преку нивно активно учество, давајќи коментари и сугестии, работат на Нацрт законот кој ќе ја утврди новата организациска поставеност на министерствата и органите на државната управа. Заклучно со првото полугодие од 2021 година, се одржаа девет средби на работната група, од кои на првата средба се презентираше целокупната идеја и запознавање на работниот тим а на вториот се започна со работниот процес.

На 5 јули 2021 година се одржа тематска седница на Владата на Република Северна Македонија на која се дискутираа предлозите за реорганизација на министерските системи и Генерален секретаријат. Од исклучителна важност во целиот проект е обезбедување и надоградување на човечките капацитети кои во понатамошниот процес директно ќе учествуваат и раководат со процесот на имплементација на реорганизацијата во министерските системи и Генерален секретаријат. За оваа цел, се организираа два вида на обуки и тоа: обука за обучувачи од 27.09.2021 до 29.09.2021 година и каскадни обуки на кои присуствуваа поголем број на номинирани лица од институциите кои се во опфатот на оваа реформа.

Министерство за информатичко општество и администрација и проектните експерти работеа на подготовка на нова Методологија за процена на влијанието во случај на спојување, укинување и основање на нови институции. Како резултат на оваа активност се јави потреба за ревизија на Деловникот за работа на Владата. Во врска со измените и дополнувањата на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, во месец август, во рамки на МИОА беа назначени членови на работна група, а за која активност беше ангажиран експерт. Подоцна на работната група се приклучија и членови од Генералниот Секретаријат на Владата, Кабинетот на премиерот на Владата и Министерството за финансии, Како финален документ на крајот на месец септември 2021 година беше изготвен НАЦРТ Преглед за нацрт-измените на Деловникот на Владата на Република Северна Македонија.

Во меѓувреме експерт беше ангажиран за реализација на активноста – креирање на Алатка за следење на процесот на реорганизација. Крајот на месец октомври се одржаа 3 обуки на кои се презентираше оваа алатка, начинот на функционирање и се разменуваа мислења за подобрување на истата.

Во целиот периодот Министерството за информатичко општество и администрација, со соработка со сите министерства и Генералниот секретаријат и експертите од ИПА Проектот работеа на изработка на финалната верзија на Интегрираниот извештај со препораки за рерганизација. Интегрираниот извештај во кои се сумирани сите предлози за реорганизација на министерските системи и Генерален секретаријат се постави на е-влада, со цел негово усвојување од страна на Владата на Република Северна Македонија во Јануари 2022 година.

***Отворено владино партнерство (ОПВ)***

Во септември 2020 година отпочна процесот на ко-креирање на новиот, петти по ред Национален акциски план за отворено владино партнерство 2021-2023 година насочен кон приоритетните области кои се однесуваат на: Транспарентност, отчетност, проактивност и инклузивност, Спречување на корупција и промовирање на добро владеење, Испорака на јавни услуги и Пристап до правда. Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Советот за ОВП, Мрежа на граѓански организации а со поддршка од Секретаријатот за Отворено владино партнерство и Фондација Отворено општество - Македонија, заедно со две партнерски организации Центар за граѓански комуникации и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, во 2021 година ја продолжи поддршката и активната вклученост во процесот за ко-креирање на НАП за ОВП 2021-2023. Во рамки на процесот на ко-креација, беа одржани 3 онлајн информативни средби за едукација, 12 онлјан средби за идентификување на проблеми и над 40 индивидуални состаноци а како продолжение на министерскиот состанокот за ОВП се одржаа две работилници поврзани со пристап до правда, испорака на јавни услуги, транспарентност и одговорност, со што се обезбеди финализирање на заложбите преку правилен преглед на веќе направеното во тесна соработка со клучните чинители во процесот.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26.10.2021 година го прифати Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година, воедно од страна на министерот за информатичко општество и администрација е формирана Работна група со сите чинители за спроведување на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година. Согласно Насоките за управување и учество во иницијативата за Партнерство за отворена власт, Стандардите за ко-креирање и дизајнирање на форум со повеќе засегнати министерот за информатичко општество и администрација донесе Упатството за начинот на формирање и работа на Советот за координација и следење на процесот на партнерството за отворена власт. Со цел обезбедување функционална структура за непречена координација, следење и известување за спроведувањето на Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023, во текот декември 2021-јануари 2022 година ќе се формира Советот за координација и следење на процесот на Партнерство за отворена власт 2021-2023 (Совет за ПОВ) кој ќе има клучна советодавна и одлучувачка улога во сите фази на процесот на ПОВ, низ циклусот на планирање, во развојот на акциските планови и во спроведувањето, следењето и известувањето за акциските планови. Советот за ПОВ ќе биде составен од 16 члена со еднаков број членови од институциите и од граѓанското општество со мандат до усвојување на нов акциски план за Партнерство за отворена власт.

Дополнително, за навремено информирање на граѓаните, невладините организации, деловните субјекти и државните институции и нивно вклучување во оваа иницијатива како централна точка се користи онлајн-платформа за Отворено владино партнерство www.ovp.gov.mk.

***Зајакнување на имплементација на Законот за општа управна постапка (ЗОУП)***

Министерството за информатичко општество и администрација континуирано соработува со институциите обезбедувајќи им поддршка со цел унапредување на имплементацијата на Законот за општа управна постапка (ЗОУП). Институциите во своите акти за внатрешна организација и во своите акти за систематизација предвидуваат организациски облик, односно систематизираат работни места за постапување во управни работи. Истовремено, министерството во рамките на своите надлежности дава поддршка и ги насочува институциите во однос на усогласување на посебните закони со Законот за општа управна постапка.

Од почетокот на јули 2020 година и во текот на 2021 година, министерството, во соработка со СИГМА спроведуваше активности во рамките на компаративна анализа на примената на ЗОУП во земјите од Западен Балкан. Целта на оваа анализа е да ги утврди проблематичните аспекти при примената на Законот за општата управна постапка. За потребите на анализата беа подготвени прашалници и беа остварени контакти со повеќе институции кои постапуваат во управни работи.

Во април месец 2021 година се формираше Работна група за изготвување на измени и дополнувања на Законот за општата управна постапка. Во рамките на Работната група се одвиваат активности (состаноци, консултации, дискусии) со цел изгтовување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка. Организирани се работни состаноци на работната група и со претставници од СИГМА и локални експерти ангажирани од страна на СИГМА. Работната група ативно работи на финализирање на драфт верзијата која се очекува во март да биде во Владина постапка.

***Управување со квалитет***

Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба беше разгледан на седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 16.10.2021 година кога беа усвоени измените на постоечкиот закон со воведување на Процедура за надворешна проверка и усогласување на овој закон со Законот за услуги.

Информацијата за имплементација на Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите беше усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија на 16 февруари 2021. Таа содржеше усвојување на новата Методологија за оценка на индекс на квалитет на институциите, опфат на институции во кои новата Методологија ќе се применува. Министерство за информатичко општество и адмнистрација предложи десет институции во кои ќе се врши оценувањето и истите беа усвоени од Владата. Активностите беа поделени на две компоненти и тоа:

1. Испраќање на прашалници до избраните институции од координативниот тим на МИОА за управување со квалитет. Прашалниците беа составени од прашањата во пет области: Стратешко планирање, Управување со човечки ресурси,Транспарентност, Давање на услуги и Управувње со кавалитет и,
2. Прарелно со собирање на податоци од прашалниците од консултантска надворешна куќа се вршеа истражувања со метод на анкета и таен клиент.

Добиените резултати од двете компоненти беа пресметани во однапред подготвени матрици по што се доби ранг листа на институциите според критериум мерење на задоволството на корисниците на услугите. За активностите кои беа спроведени во ова истражување е направен извештај кој ќе биде испратен до засегнатите институции а резултатите ќе бидат објавени јавно од страна на Премиерот на Република Северна Македонија.

Министерство за информатичко општество и администрација во февруари 2021 година започна со воведување на ИСО стандардите во институција. ИСО стандарди кои се воведуваат во Министерство за информатичко општество и администрација се: ISO 9001:2015, барањата на меѓународниот стандард за системот за управување со информациска безбедност ISO 27001:2013 и барањата на меѓународниот стандард за управување со електронски документи- дизајн и функционирање на информативен систем за чување на електронски документи ISO 14641:2018. Активностите се спроведени. Документите се подготвени за наредна фаза, односно сертифицирање на Министерство за информатичко општество и администарција за стандарди за систем за управување со квалитет и стандарди за систем за управување со информациската безбедност. Според процедура на воведување на стандардите за ИСО, стандард за управување со електронски документи- дизајн и функционирање на информативен систем за чување на електронски документи не подлежи на сертификација. Конференцијата за управување со квалитет не беше организирана поради рестрикција во буџетот и пандемијата на Ковид-19. Спроведување обуки за имплементација на инструментите за управување со квалитет во јавниот сектор не се реализираа поради рестрикција во буџетот и интернационалната пандемијата на Ковид 19.

## 1.10.1 Информатичко општество

### *Отворени податоци*

Во рамки на редовните активности за отворени податоци континуирано се работи на поддршка на институциите со техничките аспекти и начинот на функционирање на Порталот за отворени податоци, редовно се одржуваат работни средби со офицерите за отворени податоци па заклучно со јули 2021 година на Порталот за отворени податоци се објавени 266 податочни сетови од 57 институции од јавниот сектор. Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, , отпочна со реализација на активности за поддршка на 5 институции (Министерство за образование и наука, Министерство за внатрешни работи, Бирото за јавни набавки, Институт за јавно здравје и Генралениот секретаријат на Владата) во процесот на отворање на нивните податоци. Во рамките на овој проект ќе се се реализираа следните активности: спроведување на дво-дневна онлајн обука за членовите на тимовите за отворени податоци во петте институциите (почеток на јули 2021), Попис и каталогизација на податочните сетови, приоритизација на податочните сетови Креирање и објавување на податочни сетови во отворен формат, креирање на интерни процедури за отворени податоци во 5 институции.

Дополнително, во рамките на овој проект беше спроведена обука за обучувачи од страна на експерти од Институтот за отворени податоци од Велика Британија, а учествуваа 12 претставници од 9 државни институции. Исто така со цел континуирано да се унапредуваат вештините, изработен е автоматизиран вебинар (видео-обука) од 10 лекции за отворени податоци а нивното поставување на порталот data.gov.mk е планиано за втората оловина од 2021 година.

Во програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година е предвиден Законот за изменување и дополнување на законот за користење на податоците од јавниот сектор, односно усогласување со ЕУ Директивата за отворени податоци и ре-употреба на информации од јавниот сектор (2019/1024). Донесувањето на измената има за цел да допринесе за развојот на економијата односно раст на бруто-домашниот производ, зголемување на

бројот на нови работни места како и развојот на иновациите. Со оваа регулатива се зголемува транспарентноста во работењето на органите и институциите од јавниот сектор, се подобрува ефикасноста на работата на јавната администрација и придонесува за намалување на корупцијата на сите нивоа. Во подготовка на иземните на законот ќе биде опфатенона подготовка на Оценка на спроведувањето на сегашниот Закон (ex-post evaluation) и Проценка на влијанието на новиот Предлог Закон (regulatory impact assessment) со cost-benefit анализа и тоа во широк консултативен процес со воспоставување на работна група со преставници од институциите и засегнати страни кои имаат искуство во областа на отворени податоци. Со цел реализација на овие активности од страна на министерот за информатичко општество и администрација е формирана Работна група за подготовка на Законот за изменување и дополнување на законот за користење на податоците од јавниот сектор со рок на реализација на активностите , прв квартал 2021 година.

### Информациски Систем за управување на човечки ресурси (ИСУЧР)

Во 2021 година, тековното се одржуваше постоечкиот Информациски систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) и активностите за подобрување на степенот на исполнетост со податоци за вработените во јавниот сектор континуирано продолжија.

Поради подобрување и осовременување на постојниот информациски систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) Министерството за информатичко општество и администрација во 2019 година склучи Договор за модернизација на информацискиот систем за управување со човечки ресурси („ИСУЧР“) со цел овозможување на нови и подобрување на постојните функционалности, со што ќе има зголемување на квалитетот на управувањето со човечките ресурси, подобрување на ефикасноста во работењето, како и зголемување на транспарентноста. Клучни функционалности кои се вклучени во фаза 1 се: подготвување анализа на прилозите за техничка имплементација на функционалностите од Модулот за лична евиденција, Модулот за пресметка на плата, Модулот за управување со учинок, и подготовка на анализите и извршување на интеграција на ИСУЧР со останатите системи на Министерството за информатичко општество и администрација и со системите на останатите институции

Во 2021 година, поради пандемијата од КОВИД-19 но и поради останати објективни околности кои влијаеа на имплементацијата, склучен е Анекс бр.3 за продолжување на имплементацијата на фаза 1 од Договорот, при што за следење на реализацијата на активностите од договорот ангажирани се надворешни експерти предложени од стопанската комора на ИТ компании “МАСИТ” за давање на насоки за надминување на овие околности кои влијаат на пролонгирање на роковите за завршување на Фаза 1 од договорот за модернизација на ИСУЧР системот. Во моментот течат активности за имплементација на Фаза 1 од Договорот.

### *Интероперабилност*

Во текот на 2021 година, продолжува тековното одржување на платформата за интероперабилност, како и активностите за приклучување нови институции и нови сервиси на оваа платформата. Првата сервисна магистрала е згасната заклучно со 01.03.2021 и сите активни сервиси од првата сервисна магистрала МИМ1 се пренасочени и функционираат на втората сервисна магистрала МИМ2.

Добиена е согласност од влада, со која активностите за развој на нова функционалност на платформата за интероперабилност, за воспоставување на пристап за поврзување на повеќе посредни корисници преку единствен комуникациски клиент (Node CC), ќе бидат вклучени во следниот договор за одржување, кој треба да отпочне по реализацијата на тригодишната набавка за одржување, набавката е објавена и е во тек. Оваа круцијална надградба е предвидено да трае една година и ќе вклучи измени во речиси сите модули од Платформата за интероперабилност.

Бројот на трансакции на втората сервисна магистрала МИМ2 од Платформата за интероперабилност забележа континуиран раст и во 2021 година. Во периодот од 01.01.2021 година до 29.12.2021 година овој број изнесува 3.533.306 трансакции.

Континуирано има интерес за приклучување на нови институции и приватни компании на втората сервисна магистрала МИМ2 од платформата за интероперабилност продолжува. Интересот на приватните компании доаѓа од нивната потреба да ги користат податоците од Регистарот на население. Од друга страна, врз основа на одлуката на Влада од јуни, со која се задолжени сите институции да се приклучат на втората сервисна магистрала од платформата за интероперабилност, одреден број институции искажаа интерес за приклучување, но мал број од нив го заокружуваат процесот до крај. Имајќи го предвид вкупниот број на институции и капацитетот на платформата за интероперабилност, бројот на нови институции е сеуште многу мал.

Вкупниот број на институции кои се приклучени на Платформата за интероперабилност во моментот е 42 (вклучително и Националниот портал за е-услуги, Националниот регистар на население и еСДП платформата), додека во 2016 на платформата биле приклучени само 15 институции. На располагање се 570 веб сервиси/методи за размена на податоци.

***Каталог на јавни услуги***

Напочетокот на 2021 година се подготвија структурирани и систематизирани извештаи за податоците внесени во Каталогот за јавни услуги и внесени се податоци за сите услуги кои се дигитализирани во извештајниот период. По зголемувањето на интересот од страна на институциите, во втората половина од 2021 година продолжува континуираното внесување и верификување на нови јавни услуги во Каталогот. Исто така тековно од страна на институциите направено е и ажурирање на податоците за веќе внесените јавни услуги. Отворени се кориснички сметки за нови назначени верификатори од институциите, а дадени се и привилегии за преведувачи на јавните услуги, кои се номинирани од секоја од институциите. До крајот на 2021 година, вкупниот број на верификувани и одобрени услуги внесени во Каталогот, споредбено со изминатитот период е зголемен и сега изнесува 839 јавни услуги. Податоците за внесените јавни услуги од вкупно 1288 институции, се објавени на Националниот портал www.Uslugi.gov.mk.

***Национален портал за е-услуги (Порталот)***

Пуштени се електронски услуги во Министерство за образование и наука, меѓу кои и за упишување на дете во прво одделение, како и во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Минитстерството за труд и социјална политика.

Националениот портал www.Uslugu.gov.mk кој е поставен како дианмичен веб – портал за е-услиги кон граѓаните, претставува единствена точка на контакт со државните институции според едношалтерскиот принцип и користење на стандардизирани кориснички интерфејси. До сега на Националниот Портал се објавени податоци за 839 јавни услуги од вкупно 1288 Институции. Од нив 184 јавни услуги се електронски, а за 50 електронски услуги може директно да се аплицира и истите да бидат достапни преку Национален портал Uslugu.gov.mk.

Активности на Националниот Портал Usligi.gov.mk во втората половина на 2021 година:

- Преку Модулот за управување со тикети кој е систем за давање поддршка на корисниците на Националниот портал за е-услуги, пристигнати се 360 тикети од граѓани, и од нив најголем број се решени. На овој начин на граѓаните преку поднесување на барање/тикет им се решават технички проблеми при најава на Порталот, како и проблеми кои произлегуваат при аплицирањето за е-услугите.

- Во тек е финализирање на документацијата за предметната набавка на модул за плаќање преку виртуелен пос на Националниот портал Uslugi.gov.mk, и во наредниот период од страна на секторот за Јавни набавки ќе треба да биде процесуирана и постапката за отворање на доставени понуди по истата. Оваа набавка е од суштинско значење за целокупната функционалност на Порталот, затоа што ќе овозможи електронско плаќање за крајните корисници на услуги од Националниот портал преку виртуелен POS терминал со безготовински платежни картички.

- Во потапка е набавка за одржување на системот за управување со процеси за давање на електронски услуги (еСДП) како дел од набавката за одржување на националниот портал на услуги во која се предвидува имплементација на процеси во институциите кои немаат можност за градење на сопствени интерни електронски процеси за следење и генерирање на електронски услуги за граѓаните.

Со оглед на тоа што важечкиот договор за одржување и надградба на Националниот Портал Usligi.gov.mk е истечен во средината на Јуни 2021 година, и во втората половина од оваа календарска година, се одвивал процесот на подготовка на целокупната тендерска документација за избор на нов економски оператор, останатите активности кои произлегуваат од Порталот би продолжиле по склучувањето на нов договор за одржување и надградба на Националниот Портал Usligi.gov.mк.

***Една точка за услуги (ЕТУ)***

Во рамки на заложбата на Владата на Република Северна Македонија за градење сервисен систем на јавни услуги и ефикасна јавна администрација, со цел граѓаните да добијат подобри, поевтини и поефикасни услуги, се реализира проектот со кој се воспоставуваат и опремуваат деловни простории - Центри за услуги, именувани како „Една точка за услуги“, со што им се овозможува на граѓаните на едно место да добијат услуги и информации и од различни државни и јавни институции. Со воспоставување на центрите „Една точка за услуги“, се воведува граѓански ориентиран концепт на прием на странки, односно концепт каде службеникот ги пречекува граѓаните на биро и нивната комуникација е отворена и подостоинствена, на граѓаните им се овозможуваа подобро информирање, и послободен однос со институциите и подобра услуга.

Во текот на 2021 година отворени се центрите ЕТУ Куманово, ЕТУ Битола, ЕТУ Охрид, со што во овој момент вклучително со ЕТУ-Скопје и ЕТУ-Тетово, воспоставени се 5 (пет) центри за услуги во наведените пет градови.

Во рамките на проектот Една Точка за услуги, подготвена е веб страна за ЕТУ центрите (https://etu.uslugi.gov.mk), а воспоставени се и три дополнителни софтверски системи како гаранција дека во ЕТУ центрите ќе биде испорачувана максимално квалитетна услуга и тоа:

- Национален Систем „Редослед на клиенти – “Земи Бројче,
- Национален Систем „Оцени ја Администрацијата – “Семафор ,
- Национален Систем „Резервирај Термин за услуга – “Мој ред“.

Национален Систем „Редослед на клиенти - Земи Бројче, кој е воспоставен во рамките на ЕТУ центрите кој претставува централизиран веб базиран систем (https://qms.uslugi.gov.mk) кој има за функција да воспоставува ред за чекање при остварување на услуга, при што истиот освен за ЕТУ центрите, ќе им биде ставен на располагање и на сите заинтересирани институции, кои ќе можат да го користат системот преку поставување на Апарат за издавање на тикети. Со тој систем МИОА централизирано ќе може да следи обемот на работа на секој шалтерски службеник во реално време, и оптеретеноста на секоја институција.

Национален Систем „Оцени ја Администрацијата“ – Семафор, (https://etu.uslugi.gov.mk/pages/rating-report) овозможува преку скенирање на QR код кој е содржан на тикетот за реден број граѓаните по завршувањето на услугата, граѓаните да го оценат шалтерскиот службеник, квалитетот на услугата и квалитетот на институцијата. Исто подготвена е и андроид апликација, која е во процес на одобрување за да биде прикачена на Google play store.

Национален Систем „Резервирај Термин за услуга“ – Мој ред, (https://etu.uslugi.gov.mk/pages/reservation ) овозможува на граѓаните да закажат термини за остварување на услуга кој функционира сега во ЕТУ центрите, но дополнително може да им биде ставен на располагање и на останатите

заинтересирани институции кои работат со странки, при што граѓаните преку веб прелистувач или преку андроид апликација ќе може да си резервираат термин со точно време за остварување на услугата.

### *Централен регистар на население*

За регистарот на население во текот на 2021 година беа доставени и активирани повеќе барања за интеграција и користење на податоците содржани во Централен регистар на население. Имено, во согласност со доставените барања од институциите беа активирани полиси за користење на податоци од Централен регистар на население за Министерство за образование и наука и Централен регистар на Република Северна Македонија. Во соработка со Државен завод за статистика, а како дел од активностите за подготовка и реализација на претстојниот попис, беше воспоставена посебна интеграција на системот во Државен завод за статистика и Централен регистар на население. По успешното тестирање на интеграцијата на системите, беа разменети податоците за сите граѓани потребни за користење при спроведување на пописот. Исто така, во овој период беа направени интеграции и подобрување на веб сервисите кои се користат за интеграција со Македонски Телеком АД – Скопје и Евротруст Технолоџис ДООЕЛ. Во изминатиот период направи подобрувања на квалитетот на адресните податоци во системот. Во недостиг на добро ажурирани адресни податоци, а поради зголемената потреба на користење на податоци од системот Централен регистар на население, Министерството за информатичко општество и адмнистрација спроведе неколку активности во изминатиот период. Имено, беше направена податочна анализа на сите инфромации за адресите и во мај 2021 година беше поставена нова верзија на системот кој преку автоматско препознавање на слични адресни податоци, користејќи напредни алгоритми за обработка на податоците, се воспостави логика за прочистување на адресните податоците во системот. Со ова се подобрува квалитетот на податоците и спремноста на истите да бидат искористени во поврзаните/интегрираните системи. Во истиот период беше направена и надградба на системот за логирање на пристапени лични податоци, при што истиот во моментот функционира со напредно ниво на логирање. Преку направените измени, сите индиректни корисници на алатки кои пристапуваат до личните податоци во Централен регистар на население, овозможено е целосно логирање на крајните институции и институцијата сопственик на алатката која се користи за пристап. Така на пример: Министерство за здравство во моментот на пишување не е поврзана институција на платформата за Интероперабилност, а го користи системот за единствена најава на корисници преку кој се користат податоците за граѓаните од Централен регистар на население. Пред надградбата на системот се логираше пристап до лични податоци од страна на Министерството за информатичко општество и адмнистрација, како надлежна институција наведената алатка - системот за единствена најава на корисници. Со спроведената надградба се логира дека Министерство за здравство ги пристапило податоците преку користење на алатката за единствена најава на корисници која ја одржува МИОА. Со ова е обезбедена целосна транспарентност и точност во пристапот на податоците, односно исполнување на Законот за заштита на лилни податоци и GDPR регулативата на Европската унија.

Исто така во текот на изминатат година беа спроведени неколку активности за подобрување на инфраструктурата на проектот. Покрај тековните активности со одржување на системот, со компанијата Меметеч и договортниот орган CFCD беше постигнат договор како да се затвори проектот IPA2013 – Supply Lot 1. Паралелно на овие активности беше направена и техничка спецификација за набавка на нова опрема, со која е предвидено зголемување на перформанците на системот и активно поврзување со резервната локација. Имајќи ја предвид потребата од редовно следење на предвидените надградби на системот, пријави на надградби и пријава на грешки, во овој период беше воспоставен сајтот https://support.mioa.gov.mk. Преку овој сајт ќе бидат следени сите барања за надградби во системот за Централен регистар на население, а истиот нуди и можност за користење кај други проекти.

### *Електронска идентификација и доверливи услуги*

До Министерството за информатичко општество и администрација во текот на 2021 година беа поднесени 4 барања за регистрација во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација, кои заедно со придружната документација беа обработени од надлежната работна група. Во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација беа регистрирани два даватели на неквалификувани

доверливи услуги, со вкупно 3 неквалификувани доверливи услуги, како и два даватели на квалификувани доверливи услуги, со вкупно 5 квалификувани доверливи услуги. Во втората половина од 2021 година до Министерството за информатичко општество и администрација беа поднесени 6 барања за регистрација во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација, кои заедно со придружната документација беа обработени од надлежната работна група. Во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација беше регистрирани еден давател на квалификувана доверлива услуга со една квалификувана доверлива услуга, како и еден издавач на шема за електронска идентификација на високо ниво.

***Систем за управување со документи (ДМС)***

Во текот на 2021 година извршена е имплементација на модулот за архивско и деловодно работење, како и процесите за распределба на влезна документација и движење на документи во дополнителни 5 институции, така што бројот на институции корисници на ДМС се зголеми на 20. Континуирано се реализираат активности за одржување на целокупното решение. Во периодот што следува се планира развој на нови процеси кои се карактеристични за поедини институции со цел поголема дигитализација на работењето. Во тек е анализа на процеси во институциите кои први ќе бидат предмет на дигитализацијата. Во насока на подобрување на функционирањето архивскиот модул, направена е интеграција на ДМС системот со Централниот регистар на РСМ за преземање на податоците за правните субјекти во Република Северна Македонија. Воспоставен е сервис за преземање на дневните промени од регистарот за правни субјекти преку платформата за интероперабилност. Изминатиот период беше постигната оптимизација на системот и спроведена анализа на повеќе бизнис процеси во институциите. Со дигитализацијата на работните процеси во Институциите ќе се забрза и подобри квалитетот на услугите кои Институциите ги нудат за граѓаните и бизнисите. Во тек, интензивно се спроведуваат активности за интеграција на ДМС со услугата за дигитална идентификација која MasterCard ја реализира во соработка со EvroTrust во нашата земја.

Во текот на 2022 година ќе се продолжи со дигитализација на работни процеси во институциите и ќе биде направена подготовка за реализација на тендерска постапка која ќе го гарантира континуитетот на овој значаен инфраструктурен проект за државата.

***Платформа за електронска достава на сервиси (eSDP - Service Delivery Platform)***

Платформата е искористена за развој на електронските услуги коишто се пуштени во извештајниот период.

***Национален оперативен бродбенд план на Република Северна Македонија (НОБП) и активности кои произлегуваат и се поврзани со него***

За Националниот оперативен бродбенд план во првата половина на 2021 година, се одржаа девет online седници на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), во рамките на кои се усвоија следните документи :

- Третиот по ред Извештај за развој на бродбендот во државата и спроведување на Националниот оперативен бродбенд план (НОБП) – (октомври 2020-март 2021 год.);

- Извештајот и заклучоците од спроведеното мапирање на постоечки и планирани бродбенд мрежи на операторите, состојба на крајот од 2020 година ;

- Коментарите и предлозите по однос на доставениот нацрт-извештај за Студијата за DESI индикаторите во државите од Западен Балкан, подготвен од RCC.

Во месец април 2021 година, затпочна соработката на Националната канцеларија за бродбенд компететност со Центарот за управување со кризи поврзана со спроведувањето на Националниот оперативен бродбенд план и потребите на Центарот за управување со кризи за телекомуникациско поврзување, како и со Град Скопје за обезбедување координација при спроведување на НОБП и на проектот Skopje Smart City. Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) до Агенцијата за електронски комуникации достави препораки, во насока на целосно усогласување со Европската пракса за приказ и следење на индикаторите во DESI во димензијата Поврзливост.

Во врска со иницијативите кои се составен дел од Програмата за работа на Владата за 2021 година, заклучно со 30.06.2021 година, од страна на Владата усвоени се две информации :

- Информацијата за формирање на меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникацииСледен чекор е формирање на меѓуресорската работна група.) и

- Информацијата за апликацијата до WBIF за техничка помош за подготовка на Студија за изводливост за изградба и развој на Национална Транспортна Оптичка Мрежа (НТОМ).

Владата на Република Северна Македонија го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација да ја информира Светска Банка и да се продолжи соработката во насока на започнување со реализација на проектот, односно подготовката на Студијата за изводливост за изградба и развој на Националната Транспортна Оптичка Мрежа. Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и адмнистрација, во соработка со ЈП МРД, НКБК и АЕК до крајот на годината да достави Информација до Владата за степенот на реализација на проектот/ со осврт на подготовката на Студијата за изводливост за изградба и развој на НТОМ. Информацијата за усвојување на правила за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечката,истата е во владина процедура и се очекува да биде усвоена во јули. Информацијата за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини е во процес на подготовка и се планира истата да биде доставена до Владата во јули 2021 година.

Активностите продолжија со реализација и во втората половина од 2021 година, се одржаа 10 седници на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), во рамките на кои се спроведоа низа активности, а усвоени се и повеќе мислења и препораки :

- Усвоен е четвртиот Извештај за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на Националниот оперативен бродбенд план (НКБК), за периодот април –септември 2021 година;

- Усвоени се предлозите за измени и дополнувања на предлог Законот за безбедност на мрежи и информациски системи;

- Усвоено е мислењето со препораки за изменување на Правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства на Агенцијата за електронски комуникации.

- Усвоено е мислењето за предлог измените на Законот за регулирање на статусот на бесправно изградени објекти.

Исто така, на 6 јули 2021 година, Владата ја усвои Информацијата за усвојување на правила за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства како и користење на постоечка.

На 28 септември 2021 година, Владата ја усвои Информацијата за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини.

## *Подготовки за воведување на 5G во Република Северна Македонија*

